# ПРОГОНУВАЊЕ НА „НЕПОСТОЕЧКИТЕ“

## *Репресиите против Македонците во Бугарија за време на комунизмот (1944 – 1989)*

Прашањето за репресиите против Македонците[1] во Бугарија за време на комунизмот макар да не избегало од вниманието на науката сепак не било специјално истражувано.[2] Долгогодишната затвореност на архивите во Бугарија по македонското прашање, лошите односи меѓу Југославија и Бугарија и актуелноста на политиката на дискриминација и негирање на македонското малцинство до денес,[3] сериозно го отежнале истражувањето на оваа проблематика. Во резултат бројката на историчари кои денес во Р Македонија се занимаваат со тоа прашање се намали до нула, додека пак во бугарската историографија оваа проблематика сеуште се обработува во рамките на националниот мит, според кој Македонци не постојат.[4] Од времето кога македонскиот идентитет во Бугарија е прогласен за непостоечки (1963 г.) прашањево било идеологизирано, а темата за репресиите против луѓето со македонска самосвест претворена во тема табу.[5] Делумното отворање на архивите на бугарската Државна безбедност во последната деценија, заедно со објавувањето на серии документи и спомени отвори можност за поподробно разработување на оваа проблематика.[6]

Овој труд е посветен на репресиите против луѓето со македонска самосвест во времето на комунизмот во Бугарија. Положбата на самото малцинство и политиката на државата спрема него, методите на асимилација и слично се третираат ограничено само доколку ја појаснуваат основната тема. Темата за репресиите е важна во неколку аспекти: го расчистува прашањето за релноста или фиктивноста на македонскиот идентитет во Бугарија; ни дава можност да ја „измериме“ силата на македонскиот национализам во Пиринска Македонија во овој период, да ја утврдиме неговата примарност или

---

[1] Во овој труд освен ако не е поинаку појаснето под Македонци се мисли на луѓе со македонска етно-национална самосвест, а не на регионална употреба на поимот.

[2] Меѓу позначајните трудови види: Васил Јотевски, Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија (1944 – 1948), Скопје 1996 (понатаму Јотевски 1); Истиот, Македонците во Пиринскиот дел на Македонија 1949 - 1989, Скопје, 2004, (понатаму Јотевски 2), Michail Gruev, Violence and Identity: Pirin Macedonia in the ethno-national policies of the communist regime in Bulgaria, in Violence, Politics And Memory, The Communist Regime in Pirin Macedonia – the Reflections of the Contemporary and the Researcher, ed., Michail Gruev, St Kliment Ohridski University Press, Sofia, 2011, 20 – 105, Чавдар Маринов, Македонското прашање од 1944 до денес, Комунизмот и национализмот на Балканот, Скопје 2013.

[3] Види: Report of the independent expert on minority issues, Mission to Bulgaria (4 to 11 July 2011), http://www2.ohchr.org/english/bodies/hrcouncil/docs/19session/A.HRC.19.56.Add.2_en.pdf, Report on the situation of the Macedonian minority in Bulgaria, 2013, http://www.omoilindenpirin.org/news/2013/report.pdf.

[4] Веселин Ангелов, Хроника на едно национално предателство, Благоевград, 2004, Димитър Тюлеков, Политическият мит за „македонското малцинство“ в България, Благоевград, 2007,. Поразлични мислења наоѓаме кај социолози и антополози како овде цитираните автори Чавдар Маринов и Михаил Груев.

[5] Стойко Стойков, Табу, Време на страх и страдание, Преследването на македонците в България по времето на комунизма (1944 – 1989), Благоевград 2014, 14

[6] Крум Монев, Македония моята опора, т. 1 – 4, без място и година на издаване (вер. 1993 г.), Георги Дукимов, Една идея, един живот, Спомени за първия македонски процес в Пиринския дял на Македония (Гоцеделчевско), гр . Гоце Делчев, 1999 г., Владимир Коцелов, Спомени на един македонец от Пирина, Благоевград, 2006, Стојан Георгиев-Томовичин, Македония над сѐ, Битола, 1990,Държавна сигурност – политическа полиция, Из архивите на ДС, т. 5, София, 2011, http://comdos.bg/Нашите%20Издания/ds-i-politicheska-politsiya, БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946), т. 2, Архивите говорят, кн. 5, София 1999, Македонският въпрос в българо-югославските отношения (1944 – 1952 г.), Софија 2004, Македонският въпрос в българо-югославските отношения (1952 - 1967 г.), София, 2009, Violence, Politics and Memory..., Sofia, 2011, Стойков, Табу, 2014

маргиналност, спецификите на појавите на отпор, како и методите преку кои државата истите ги прогонувала; фрлено е светло на идејните позиции на „двете страни“, а се анализираат и начините на кои дискриминацијата била оправдувана, како и доколку реална основа имале фобиите на властите. При истражувањето се користени голем број на спомени на настрадани Македонци, како и документација основно од службата за Државна безбедност, судски пресуди и документи на комуниситчката партија.

Трудот е поделен во неколку поднаслови со цел олеснување разбирањето на оваа малку позната и комлицирана проблематика. Тие се групираат најопшто во два дела. Првиот дел е подреден хронолошки и е повеќе статистички и фактографски ориентиран со цел да даде претстава за размерот на репресиите на отпорот и дискриминацијата при што се проследени и промените во условите и причините кои нив ги предизвикувале. Вториот е повеќе аналитички и во него се разгледуваат спецификите на отпорот и репресиите, методите што се користени и од едната и од другата страна, идеологијата и сл.

***

Еден од клучните елементи во бугарскиот национализам од самиот негов почеток бил претензијата спрема Македонија и нејзиното население. Извесно отстапување од оваа рано претворена во политика позиција се случила на почетокот на комунистичкиот режим во Бугарија, кога на Македонците им било дадено право на самоопределување, и за краток период дури постоела „културна автономија“ во Пиринска Македонија[7](1947/1948) на која се гледала како подготовка за присоединување на оваа територија кон НР Македонија.[8] Макар со судирот меѓу Сталин и Тито во 1948 г. овие подготовки да биле прекинати, сепак прашањето за обединување на Македонија не било симнато од дневен ред до 60-те години на XX век (види понатаму). И Бугарија и Југославија се обидувале да го искористат за свое територијално проширување, при што самосвеста на населението во Пиринска Македонија станал еден од главните аргументи, давајќи ѝ политичко значење на самоопределба на Македонците, како и дополнителна причина за репресии и манипулации со истата. Прашањето за обединување на Македонија од 60-те години на XX в. постепено било симнато од актуелната политичка агенда на Бугарија и Југославија, меѓутоа сепак не изгубило веднаш актуелност. Оваа идеја се потпирала на доста широка поддршка меѓу населението, воспитувано повеќе децении во револуционерна борба под знамето на автономна (а подоцна и независна) Македонија. Така во целиот овој период (1944 – 1989) прашањето за обединување на Македонија ќе биде тесно преплетено со македонската национална самосвест и со репресиите против Македонците. Независно од промените на политиката во Бугарија

[7] Под тоа име е позната областа од Македонија која влегла во Бугарија после Балканските и Првата светска војна и која се приближува по опфат со денешната област Благоевград, со размер од околу 6800 км.$^2$

[8]Види Пиринско дело, број 32 од 11.08.1947 г., статиите осветени на Бледските спогодби меѓу Југославија и Бугарија: Г. Мадолев, Историските решенија во Блед и македонското прашање (с. 1) и Димитар Петров, Братската дружба меѓу ОФ Бугарија и ФНР Југославија е гаранција за остварувањето на идеалот на македонскиот народ (с. 4) – напишани од лидери на ОФ и на Земјоделскиот сојуз во областа.

луѓе со македонска самосвест ќе бидат прогонувани низ целиот период – ќе се менуваат групите репресирани и причините за репресиите.

На почетокот, од доаѓањето на комунизмот до резолуцијата на Информбиро против Југославија (1944 – 1948 г.), на репресии се подложени приврзаниците на создавање на целосна некомунистичка Македонија (во нивните редови има како македонски националисти, така и бугаро-македонски автономисти).

Од 1948 до 1956 г. е време на непријателство меѓу Бугарија и Југославија (особено до 1953 г.) и во овој период на прогон се подложени сите осомничени за симпатии кон НР Македонија, заедно со оние кои барале поголеми национални права (промовирање на македонски јазик и култура) и луѓе што се залагале за создавање на обединета национална македонска држава.

Времето од 1956 до 1963 г. е период на подобрени односи меѓу двете држави, но и време во кое Софија полека се свртува кон бугарскиот национализам и негирањето на македонскиот идентитет. Во тоа време ќе настрадаат како луѓе кои се залагаат за обединување на Македонија (во една или друга форма), така и такви кои само изразувале македонска самосвест (особено околу кампанијата за негирање на истата организирана од бугарските власти во 1958 г.)

После 1963 г. на прогон е подложена секоја пројава на македонска самосвест (фаза која релано продолжува и до денес.)

***Период на признавање и планови за обединување (1944 – 1948)***

Во Пиринска Македонија времето 1944 – 1948 г. е период на постепено наметнување на комунистичката власт над сите видови опозиција често со сурови и брутални мерки. Во тоа време имаме еден краток период на давање на минимални права на Македонците, доста неправилно нарекувани „Културна автономија“ – македонски јазик и историја се изучувале неколку месеци во бугарските училишта, се создал македонски театар и три македонски книжарници, а учениците биле претплатувани за македонски весници. Извесен број Македонци од Пиринска Македонија биле примени во средните училишта во НРМ и во универзитетот во Скопје. Во овој период прашањето за обединување на Македонија било сосема актуелно и на дневен ред, било подигнато на државно ниво и претставувало дел од политичката агенда на повеќе политички сили. Притоа кристализирале две формули: комунистичка - за делумно обединување во рамките на јужнословенска комунистичка федерација и антикомунистичка - за целосно обединување под заштита на западните сили.[9] Паралелно Македонците во Бугарија се делеле и по национална линија (на Македонци и (македонски) Бугари).

Двете линии на поделба не се совпаѓале: луѓе со македонска самосвест и непријатели на македонското национално оформување ќе има и од двете страни на барикадата – и меѓу комунистите и меѓу антикомунистите. Особено меѓу приврзаниците на целосно некомуниситчко обединување на Македонија во исти групи често се наоѓаат

---

[9] Треба да се обрати внимание дека и комунистите биле принципно за целосно обединување и дека дури се обидувале во одредени моменти да го направат (1944 – 1945 г.). Но тие се наоѓале под притисок на комунистичките централи кои се сообразувале со меѓународната положба и затоа биле принудени после 1945 г. да се задоволат со пореалистична формула за делумно обединување, која меѓутоа ги поставувала во неповолна позиција спрема нивните опоненти пред населението задоено со идеите за обединување.

луѓе со различна национална определба обединети пред заедничкиот непријател – комунизмот.

Во овој прв период на територијата на Пиринска Македонија на удар ќе бидат пред се непријателите (реални и потенцијални) на комунистите, при што националната определба била од секундарно значење. Меѓу непријателите на комунистичката власт ќе бидат репресирани и македонските национални дејци со десни убедувања приврзаници на идејата за целосно некомунистичко обединување на Македонија. Во изворите тие често се етикетирани како „михајловисти“ алудирајќи на лидерот на ВМРО Иван Михајлов и неговата парола за обединета независна Македонија.[10] Така биле етикетирани различни групи, кои често не биле поврзани меѓу себе, а ниту со Иван Михајлов. Единствениот заеднички маркер меѓу нив бил барањето за независна цела обединета некомунистичка Македонија и антикомунизмот. Меѓу нивните членови среќаваме и вистински и фиктивни „михајловисти“, и групи со бугарска ориентација[11], но и национално мешани групи (како вооружената чета на Герасим Тодоров (1947 – 1948) во која имаме и македонски националисти (Сучев, Монев) и Бугари, [12] или групата на Давков)[13], а дури и групи кои се на чисто македонска национална линија како онаа на Георги Дукимов во Неврокопско.[14] (Веројатно во последната категорија треба да се постави и друга една таква група, чии членови биле осудени во 1945 г. во Сандански како „михајловисти“ и „фашисти“,[15] а исто и организациите инспирирани од групата на

---

[10] Иван Михајлов, лидер на ВМРО од 1934 г., на бугарски национални позиции, кој меѓутоа за да ги придобие симпатиите на Македонците ја истакнал паролата за „независна Македонија“. Во периодот 1924 – 1934 г. со дозвола на бугарските влати ја претворил Пиринска Македонија во „држава во држава“ каде владеел со страв и терор. Тесно соработувал со бугарските власти во периодот 1924 – 1934 г. и со режимите на Хитлер и Мусолини потоа (спореди Димитър Тюлеков, Обречено родолюбие. ВМРО в Пиринско, 1919 - 1934, Благоевград, 2001).

[11] Стоил Шуплинков, Моите спомени, Сандански 2012, 33, 34, 36

[12] Табу, 99 – 100, три четвртини од луѓето на Герасим се изјасниле Македонци и така се наведени во Обвинителниот акт, а ¼ како Бугари.

[13] Давков бил михајловист пред 1934 г., комунист по 1944 г., кој подоцна се одметнал и водел група која агитирала „за нова македонска држава со столица Солун под проетекторат на Амрика и Англија“ (Успесите на милицијата воборбата против народните непријатели, фатена и уништена михајловистичка банда, Пиринско дело, бр. 26 од 20 јуни 1947 г., 1).

[14] Групата на Дукимов била создадена во 1946 г. 18 познати по име, 25 уапсени, 12 осудени од 1 до 10,5 години затвор. Младинци дел од кои неполнолетни, воспитаници на гимназијата во Неврокоп. Сите се изјасниле како Македонци пред судот (освен еден Турчин) и се осудени како михајловисти. Според објавеното во в. „Пиринско дело“ после нивното фаќање тие се бореле против ОФ Бугарија за октинување на Пиринска и Вардарска Македонија и за издвојување во независна македонска држава под заштита на Англија и Америка (Одреден е датумот на делото против група михајловисти во Неврокопско, Пиринско дело бр. 41, 13.10.1947, с. 1, Пресудата против михајловистичките фашистички банди во Неврокопско, Пиринско дело, број 49, 07.12. 1947 г., с. 1). Активно агитирале во корист на пишувањето на луѓето Македонци во пописот 1946 г. Од мапата што ја издале и во која Македонија е во црно се гледа дека за нив Македонија била поробена во сите нејзини делови. (Резоллюция № 255 ма Неврокопски областен съд от 18 ноември 1947 г., Табу, 48 , 50), Georgi Sotirov Dukimov, “We did not want to be in the federation, we wanted to be an independent state”, in Violence, Politics And Memory, 196 - 200

[15] Меѓу осудените е таткото на Тале Талев (подоцна самиот осуден на затвор како македонски национален деец) – Миле Талев – испратен во логорот на смртта во Белене. Подоцна раскажувал на својот син дека тие не биле задоволни од постепеното присоединување на Пиринска Македонија кон НР Македонија и сметале дека ќе бидат измамени и оставени кон Бугарија – затоа реагирале и биле осудени без суд на логори (Талев, Табу, 413, 414).

Дукимов).[16] Овие организации, обично не реагирале против македонската политика на БКП во Пиринска Македонија, а некои како групата на Дукимов дури ѝ дале поддршка.[17] Забележани се и примери на солидарност на македонска национална основа меѓу комунисти и антикомунисти во тоа време, карактерно со својата крајна нетрпеливост и жестокост.[18] Но и покрај одделните случаи на солидарност генерално македонските националисти биле прогонувани и казнувани.

Од друга страна дури и вистински михајловистички групи на бугарски позиции пројавувале интерес и одредена спремност да ја подржат македонската национана опција и меѓу некои од нив биле водени дискусии дали да се подржи новата македонска република во Југославија и дури да се влезне во војската на Михајло Апостолски.[19] Некои од протогеровистите[20] дури и го направиле тоа.[21] По раскинот меѓу Југославија и СССР во 1948 г. комуниситчките власти ќе забележат промена во настроението на одредени „михајловисти“, кои сега започнуваат да симпатизираат на Тито и стапуваат во врска со македонски национални дејци, што исто зборува дека националниот став кај дел од вистинските михајловисти можел да биде политички мотивиран и со потенцијал да еволуира кон секоја една од двете опции- бугарска или македонска, во зависност од приликите.

Постоела и лева македонска опозиција или алтернатива надвор од структурите на Бугарската комунистичка партија, која го подржувала делумното обединување во рамките на НР Македонија. Особено силна таква организација се создала во Петричко – Македонска Народна Федеративна Организација која имала повеќе разграноци и членови.[22] Во 1946 г. и во Сандански постоела група која „работи за присоединување на Пиринска Македонија кон Вардарска“.[23] Таквите организации бие прогонувани и растурани, но членовите им биле толерирани до резолуцијата на Информбиро, за потоа да бидат судени како Титовисти.

[16] Од нив се познати како осудени членовите „Атанас Џамбазов, Иван Хуклев, Браќа Спахиеви и многу други“ (Дукимов, Табу, 35)

[17] Табу, 31, 32.

[18] Обвинителот Кирил Николов заповедал луѓето на Дукимов да не бидат малтретирани за време на истрагата, им се восхитувал и им давал книги, а пак судијата Михаил Сматракалев ги информирал блиските на осудените, Дукимов Г., Една идеја, 17, 26, Dukimov, “We did not want to be in the federation...”, 198. Заслужуваат внимание и други пројави на солидарност и толерантност од овој период како онаа на антикомунистичка основа, на роднокрајска основа и дури на база на општа македонска цел меѓу луѓе со секаква национална определба (види го случајот на примањето на младиот Бугарин и михајловист Шуплинков во одметната група на комунистот автономист и Македонец Иван Давков (Стоил Шуплинков, Моите спомени, Сандански 201243, 44).

[19] Шуплинков, 33, 34, 36

[20] Приврзаниците на убиениот по заповед на Иван Михајлов раководител на ВМРО Александар Протугеров.

[21] Петар Шанданов, Спомени, Скопје 2002, 262, 269

[22] Јотевски 2, 73, 74. Во 1946 г. се појавуваат во одредени петрички села групи кои барата присоединување на Пиринска со Вардарска Македонија. Во 1945 – 1946 г. имало македонска организација во Петричко,со членови Александар Кочев, Илија Кочев, Васил и Јордан Таневи. Разбиена е во 1946 г. Барала изучување на македонски јазик и историја во училиштата. Судени се во 1949 г. и испратени во Белене (Илија Кочев за 6 години). Во Белене се сретнале со други осудени Македонци – 1 жена од с. Мулетарово и „од Петрич - Аркади “ (Кочев, Табу, 51).

[23] Со раководител Петар Атанасов Димитров, членови Петар Стефанов Мицев, Стефан Панев и Вангел Тиков. Биле поврзана со НР Македонија, пишување македонски пароли, вршеле агитација (Записник од полициско сослушување, 8 февруари 1949 г. Табу, 56).

Во 1946 г. бил спроведен и првиот попис во Бугарија на кој можело да се запишува населението како македонско, макар и да немало посебна графа „Македонец“. Пописот забележал 169 544 Македонци,[24] мнозинството од кои во Пиринска Македонијна, каде тие составувале од 45 % (Горноџумајска - Благоеградска околија) до 85 во Петричка околија.[25] Овие резултати ни даваат првична општа претстава за раширеноста или прифатливоста на македонската самосвест кај населнието во Пиринска Македонија, како и за степента до која бугарската држава успеала дотогаш да го наложи бугарскиот национален идентитет кај дел од населението.[26]

***Периодот после резолуцијата на Информбиро против Југославија 1948 - 1956***

Судирот меѓу Сталин и Тито во 1948 г. имал силен одраз врз положбата на Македонците во Бугарија. Комунистките партии во соседните на Југославија држави добиваат наредба да соберат докази за „предавството“ на Тито, во тој број и за буржоаски национализам. Курсот кон обединување на Пиринска со НР Македонија ќе биде прекинат како и „културната автономија“, а врз оние дејци во Бугарија кои биле ангажирани на тоа поле започнува жесток притисок. После официјалното објавување на Резолуцијата на Коминтерната 28 јуни 1948 г. притисокот прераснува во жестоки репресии.

Бугарија се обидела да ја искористи ситуацијата во своја корист. Од една страна тоа ѝ дало можност да ги скрати повеќето права на Македонците – јазик, книжарници, театар и сл. Од друга - да го запре процесот на обединување на Пиринска Македонија со

[24] Красимир Кънев, Законодателство и политика към етническите и религиозните малцинства в България", в: А. Кръстева, (ред.), Общности и идентичности в България, София, Петекстон, 1998 г., с. 97

[25] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. 2, Скопје 1985, с. 682

[26] Резултатите се оспорувани особено во Бугарија, на база на спомени на комунисти собрани како дел од кампањите за дискредитирање на Тито во 1948 – 1953 г. и после започнувањето на политиката на негирање во 1963 г. Се посочува и на две заповеди за администраивно запишување на населението македонско во околиите Неврокоп (Гоце Делчев) и Разлог. Меѓутоа овие спомени се полиитчки мотивирани и имале за цел да го исчистат „македонското минато“ на партиските дејци, а истовремено да ја подржат променетата партиска линија срема македонскиот идентитет. Двете заповеди пак така и не биле исполнети (токму во овие околии имаме понизок процент на луѓе што се пишале Македонци – меѓу 55 – 60 % во Разлог и 60-65 % во Неврокоп, што значи дека овде средно 40 % се запишале како Бугари, Документи за борбата... т. 2, с. 682). Неколку работи даваат основа да се смета дека резултатите на пописот генерално се реални: тоа што немало кампанија на агитирање за запишување на луѓето Македонци (всушнсот дури и немало графа „Македонец“ на пописот), отсуство на капања за зпалашување (како што ќе имаме подоцна кога македонската самоопределба ќе биде забранета), ниту пак постојат примери со казнување на несогласните (имаме уникална ситуација на сомнителни самопризнанија за извршен престап, но не и corpus delicti, жртви нема); фактот што 1/3 од луѓето во Пиринска Македонија се запишале Бугари, и на крај - пописот во 1956 г. кој бил спроведен со заповед за слободно самоопределување и дури со фаворизирање на бугарската самоопределба и сепак дал слични резултати. Резултатите од 1946 г. според тоа ни покажуваат каков процент од луѓето веќе биле носители или пак биле спремни да ја прифатат македонската самоопределба од една страна, а од друга – прогресот на бугарската политика за изграудвање на бугарска национална самосвест во Пиринска Македонија, започнат уште во втората половина на 19 век. Македонската самоорпеделба според пописите била посилна во селата и кај послабо писмените луѓе кои биле и послабо повлијаени од насадувањето на бугарска самосвест во претходниот период, а освен тоа силата варирала и во зависност од поврзаноста со Бугарија – во граничните со Бугарија околии бројката на Македонци била помала.

Југославија[27] и да го сврти во своја корист – издигнувајќи ја во периодот 1949 – 1956 г. идејата за Пиринска Македонија како Пиемонт за обединување на Македонскиот народ, но во рамките на Бугарија.

Смената на политичката линија не поминала безболно. Врз оние дејци во Бугарија кои претходно биле ангажирани со културната автономија и политиката на обединување започнува силен притисок јавно да се покајат; отказот тоа да се направи завршувал трагично (обично логор). Така од една страна македонската самосвест во годините по Информбирото била делумно толерирана, но не и било какви симпатии спрема НР Македонија[28] или идеи за обединување на Македонија надвор од Бугарија. На зборови Македонците во Бугарија биле прогласени за единствениот слободен дел од македонскиот народ. Таквата „слобода" меѓутоа се аргументирала само со тоа што во Бугарија постои „вистински", а не „погрешен" комунизам како во Југиславија. На национален план оваа „слобода" била фикција. Системот на терор во периодот 1948 – 1955 г. целосно парализирал секаква желба за поддржување и унапредување на правата на Македонците во Бугарија. Кадрите на комуниситчката партија ја избегнувале македонската дејност поради сосема реалната опасност да бидат обвинети како титовисти.[29] Символичката „македонска политика" на бугарската држава понатаму ќе се исцрпува со промовирање на фолклорот и изучување на историја на македонското револуционерно движење на бугарски јазик (изучувањето на македонски било укинато).

После 1948 г. основна група репресирани ќе бидат оние што се залагале за делумно обединување на Македонија во рамките на Југославија, луѓе осомничени за симпатии кон НР Македонија, такви кои барале изучување на македонски јазик или дури само тврделе дека Македонците во Бугарија не се слободни. Таквите биле обвинувани како титовисти. Започнал лов на вештици. Притоа БКП ќе сретне силен отпор во сопствените редови – каков никогаш порано немала – премногу Македонци реагирале и се спротивставувале активно или пасивно на новата линија, која реално го оддалечувала решавањето на прашањето за обединувањето на Македонија и драстично ги скратувала и така минималните права. За да биде скршен овој отпор се прибегнало до масовни апсења и инквизиции. Само во крајот на декември 1948 и јануари 1949 г. во реонот на Сандански и Петрич, биле уапсени над 170 души, повеќето комунисти, кои не ја прифаќале новата линија на партијата по македонското прашање. Започнале масовни исклучувања на членови на партијата во Пиринска Македонија - од крајот на 1949 г. до средината на 1950 г. биле исклучени 3 000 членови, а до смртта на Сталин во 1953 г. нивниот број ќе достигне 4 700 души. Повеќето од највлијателните лидери на комунистичката партијата во округот биле отстранети или повлечени на задна линија. Дури и оние партиски активисти што ја примиле новата линија, но кои биле премногу истакнати како македонски активисти биле дискриминирани и менувани од должности и заменувани со подоверливи луѓе.[30]

---

[27] На 16 пленум БРП (к) на12 и 13 јули 1948 г. обединувањето станува „евентуално", а јазикот во НРМ е прогласен за србизиран и вештачки, Македонският въпрос ... (1944 – 1952 г.), 367

[28] Маринов 51, 52

[29] Писмо на Христо Калајџиев до В'лко Червенков, Македонският въпрос … (1952 - 1967 г.), 84, Маринов, 57

[30] Јотевски 2, 22, 23, 29 – 37, 52 – 55, 76, 77

На удар биле не само членовите на БКП. Сите леви организации коишто не биле со БКП, а се залагале за обединување на Македонија, биле разбивани, а нивните активисти - праќани во логори. Во 1949 г. започнал бран на судења на такви луѓе обвинети за врски со Југославија. Особено на почетокот во опасност бил секој кој не ја искажувал јавно и категорично својата омраза кон НР Македонија и Југославија. Сите кои учеле во НР Македонија биле принудени да прекинат и да се вратат во Бугарија каде станале објект на врбување од службите за безбедност, а оние кои одбиле биле испратени во рудници и логори. Започнало масовно интернирање на Македонци во оддалечените краишта на Бугарија - практика која ќе има долга и богата иднина во комунистичка Бугарија. Само во крајот на 1949 г. биле иселени над 200 фамилии. На 3 август 1949 г. бил воведен специјален режим во округот и за патувањето во него и напуштањето се барала специјална полициска дозвола. Концентрацијата на воени сили на границата се засилува во пресрет на очекувана војна со Југославија, а самата граница се затвара со мрежи и строга охрана. Започнатата диверзантска дејност меѓу Бугарија и Југославија одзела повеќе животи и испратила во затвор и невини луѓе од пограничните села.[31]

Сега во репресиите „титовистите“ ќе бидат ставани во иста група со „михајловистите“ и често биле изедначувани. Според некои документи на БКП во тоа време „михајловистите“ започнувале да симпатизираат на Југославија и дури стапиле во врска со македонскиот книжар во Неврокоп. Во 1949 г. биле одржани серија судски процеси во кои луѓето добивале тешки казни до 15 години затвор или дури смрт зарад титовизам и(ли) михајловизам, зарад барање за присоединување на Пиринска Македонија кон Југославија или за создавање „независна Македонија под протекторат на Америка”. Четворица партизани од Пиринска Македонија учесници во Демократската армија на Грција на 28 февруари 1950 г. биле осудени на смрт и егзекутирани. Најголемиот судски процес бил одржан во март 1949 г. На него биле обвинети учесниците од Пиринско во АСНОМ[32] - Атанас Великов Атанасов и Васил Григоров Василев, членовите на МНФО, повеќе активисти главно од Петричко и низа на активни учесници во културната автономија на кои дејноста по македонското прашање во 1944 – 1948 г. им се земала како дополнителна вина.[33]

Во 1949 г. биле откриени и разбиени нови македонски организации: Илија Тевилов бил осуден на две години строг затвор „за учество во нелегална промакедонска националистичка група“ врски со американската амбасада и Грција.[34] Процесот против Трајчо Костов исто бил искористен за пропаганда против Македонија и осудување на четворица истакнати македонски национални активисти: Васил Ивановски, Иван Масларов, Илија Бајалџалиев, Благој Хаџипанзов.[35]

Запирањето на обединителниот процес, скратувањето на правата и репресиите создале силна реакција кај дел од населението: периодот 1948 – 1975 г. се карактеризира

---

[31] Јотевски 2, 57 – 63, 71 – 75, Станински, Табу, 121 – 124

[32] Антифашистичко собрание за ослободување на Македонија кое на 2 август 1944 г. во манастирот Прохор Пчински ја основало Република Македонија.

[33] Јотевски 2, 37, 38

[34] Табу, 278

[35] Иван Катарџиев, Васил Ивановски, борец за идеалот за слободна и обединета Македонија на Балканот, кн. 1, Скопје, МАНУ 2014, 25, Јотевски, 2, 78, 79

со појавата на исклучително голем број илегални групи на македонска национална основа, кои ѝ се спротивставуваат на политиката на државата. Меѓу 1948 -1960 г. секоја година биле раскривани од три до пет мали групи со до 9 членови.[36] Или кажано поинаку раскриени биле средно 50 групи со до 450 членови. Објавените спомени соопштуваат за седум организации во периодот 1950 – 1955 г. што значи дека повеќето (од 66 до 80 %) од македонските организации од тоа време остануваат засега непознати. Во спомнатите седум организации се познати по име 17 членови – повеќето од нив биле уапсени, а тројца се исклучени од училиште (еден – два пати).[37] Тоа биле детски и младински групи.

Според извештаите на Државна безбедност (ДБ) во 1950 г. се појавуваале слогани како „Да живее независна Македонија – Надвор бугарски окупатор". Отчетите на ДБ зборуваат за пет организации означени како „михајловисти" или такви по линија на македонско малцинство, некои од нив биле обвинети за „михајловизам и титовизам". Притоа 11 членови биле уапсени и 1 убиен.[38] Во 1952 г. основна грижа на ДБ било пресечување на влијанието на Југославија меѓу Македонците.[39]

Се појавуваат и првите македонски студентски организации и акции на студенти во Дупница и Софија. Во 1954 г. На Педагошкиот институт во Станке Димитров (Дупница) студенти барале образование на македонски јазик. Тие биле револтирани што поетите Вапцаров и Смирненски биле изучувани како бугарски поети и обвинувале низа бугарски раководители со македонско потекло дека се откажале од Македонија. Слични барања изразувале и студенти во Софија. Истрагата спроведена од државните органи во врска со вие случаи констатирала дека слични барања поставувале и ученици во гимназијата во Сандански, а учители од Санданска околија искажувале незадоволство затоа што не градат македонска по форма култура - еден од учителите бил исклучен од партијата, а БКП организирала акција за „расветлување".[40]

---

[36] Маринов, 160

[37] Една од овие групи построела во село Поленица до Сандански, а имала разграноци во селата Џигурово и Палат. Познати по име се тројца членови, а се тврди дека имало вкупно 25 – 28. Еден од нив останал без диплома, непознато како е постапено со другите. Друга била формирана од младинци од Пиринска Македонија во Средно техничко школо во Дупница веројатно во 1953 г. Се викала ТМРО, по име се познати – 8, се претендира за 13 членови (Костадин Андреев Златков, Табу, 147, 148). Во 1954 г. постоела младинска група во гимназијата во Сандански која пишувала слогани. Не била откриена но еден од учесниците е исклучен од училиште заради македонска дејност. Во 1955 г. постоела младинска група во Петричката Гимназија во која учествувале Коце Бојаџиев и Борис Петков која останала неоткриена. Се растурила затоа што Петков бил исклучен од училиште, а Бојаџиев избегал преку граница. Постоеле и други групи во гимназијата во истата година (Петков, Табу, 189). Во 1955 постоела група на Георги Марков во Петричката гимназија, која се бавела со слогани, агитација, пеење песни. Тројца познати по име. Марков е исключен од училиштето (Марков, Табу, 267, 269).

[38] За 1950 г. во отчетот на ДБ се зборува за илегални организации во Гоце Делчев, за случаи: „Авантурсит" во Сандански (терористичка и бандитска дејност), „Дезертери" во Петрич (по линија на македонско малцинство, подготвувале бегство во Југославија). Биле „реализирани" случаите „Огнари" во Гоце Делчев (уапсени 4 и убиен еден михајловисти, илегални и вооружени за бандитска дејност), „Дезертери" во Петрич (уапсени 7 михајловисти и Николпектовисти за бандитизам, илегална група во врска со грчкото разузнавање). Во април 1950 г. се покренати судски постапки во Благоевград против 12 лица делумно „поранешни михајловисти" обвинети за сепаратизам и титовизам. По делото „Атамен" по македонското малцинство пак се добиле нови информации. Държавна сигурност …, т. 5, с. 135, 136, 142, 146, 148, 150, 151, Табу, 480, 481. Во април 1950 г. биле осудени 13 души од Влахинските села во Горна Џумаја за врски со Југославија и поседување македонска литература (Табу, 132).

[39] Държавна сигурност ..., т, 5, с. 171 – 173.

[40] Маринов, 159, 160

Теророт после 1948 г. имал три важни последици. Прво, била прекршена волјата за отпор кај голем дел од населението и особено возрасните кои станале претпазливи и избегнувале да ѝ даваат поводи на власта за репресии. Второ, макар младинците својата македонска самосвест да ја добивале обично од своите родители, последните не се јавувале поттикнувач на нивната организирана антирежимска дејност. Напротив, родителите покажувале потцртана грижа да ги обесхрабрат од преземање на такви акции од желба да ги зачуваат од опасност. Криењето меѓутоа често само го засилувал интересот кај младите. Трето, како последица на претходните две младинците постепено ќе се претворат во основна група што реагира и се спротивставува на властите, а со тоа се претвараат и во основна дискриминирана група.

***Од признавање кон негирање (1956 – 1963)***

Бугарија така и не успеала да ги придобие симпатиите на Македонците – постојаните појави на отпор во самата Бугарија, одбивањето на егејските емигрантски организации во Источна Европа да ја прифатат бугарската политика по македонското прашање и неуспехот на Софија да изгради своја мрежа на привrзаници во НР Македонија ги убедила бугарските управници дека не можат да го искористат македонскиот национализам за бугарски државни цели. Кога во втората половина на 50-те години започнува стабилизирање на односите на СССР со Југославија надежите за прераспределба на Југословенските територии требало да се напуштат. Тоа го бележи брзото свртување во Бугарија против македонската самосвест на која започнува да се гледа како на потенцијална опасност и сепаратистичка тенденција. Стремежите на Југославија после 1956 г. да излезе од изолацијата поради што прекинала да ги поставува малцинските прашања пред своите соседи[41] (освен во степен на минимално неопходното за внатрешна консумација), ќе го олесни патот за целосно негирање на македонскиот идентитет во Бугарија. Периодот меѓу 1956 – 1965 г. бил особено тежок за македонските активисти, кои дури и не можеле да бегаат во НР Македонија, зашто југословенските власти ги враќале во Бугарија каде ги чекале тешки затворски казни. Клучна улога за отфрлање политиката на признавање имал новиот диктатор Тодор Живков,[42] убеден бугарски националист.

[41] Јотевски 2, 99, 100, 103, 109, 145, Маринов, 58. Пример за млакиот начин на кој било поставувано тоа шрашање е средбата меѓу Крсте Црвенковски и Тодор Живков во Сандански во 1967 г., каде македонскиот раководител изразил задоволство од меѓусебните односи. Цевенкковски израузва загриженост не од тоа што Македонците во Бугарија реално немаат права веќе скоро две децении, ниту дека репресиите против нив се во полна сила во времето на водење на разговорот и многу македонски дејци се наоѓаат во затвор, туку е вознемирен само од нивното исчезнување на пописот во 1965 г. Затоа што истото се доживувало лошо во НР Македонија. Тоа според него е „ваша (т.е. бугарска, б. СС) внатрешна работа и на Македонците, кои живеат во Бугарија“ и „Јас немам намера да го поставам тоа како прашање, а само сакам да ви кажам како се гледа кај нас на тоа нешто“. Ниту за момент не покренал прашање за изучување на македонски јазик, литертура, историја и сл. Макар на отвореното негирањье од страна на Живкво два пати да потенцирал дека по ова прашање „тешко ќе се разбереме“, сепак него не го поставил ниту како услов, ниту како пречка за добрососетстките односи (Стенограма от разговорите на Тодор Живков и Кръсте Цървенковски от 19 май 1967 г., http://www.makedonskatribuna.com/Stenograma.pdf, користено на 12.04.2016.). Тој притоа бил единствениот македонски раководител што барем го покренал некако тоа прашање (Јотевски 2, с. 158).

[42] Груев, 53, 95, Маринов, 53, 54

Во меѓувреме подобрувањето на односите со Југославија ги засилило надежите во дел од населението за враќање на културната автономија и присоединување кон НР Македонија. Тоа се покажало на пописот спроведен под упатство за целосна доброволност[43] и дури со фаворизирање на бугарската самоопределба,[44] но кој дал 178 862 (63, 6 %) Македонци во Пиринска Македонија и 187 789 во цела Бугарија.[45] Бугарската комунистичка партија била изненедадена од овој резултат – нејзините лидери сметале дека резултатите од пописот во 1946 г. се нереални и дека Бугарите, а не Македонцвите се јавуваат основна група население во Пиринска Македонија. Всушност пописот во Пиринска Македонија имал насоченост да ги исправи „искривувањата“ од претхподниот. Дадената можност Македонците сами да одлучуваат за БКП се покажало грешка, која таа повеќе нема да ја допушти.

Според отчетен извештај на Трета управа на ДБ во 1956 г. се засилиле националистичките искажувања за присоединување кон Југославија.[46] Во 1956 г. биле забележани седум младински групи со 16 познати по име членови, но вкупната бројка членови била многу поголема. Еден бил испратен во логор без пресуда, петмина биле пратени во затвор, а над десет - исклучени од училиште.[47]

Во 1956 г. е организирана голема акција за испраќање до Советскиот сојуз на декларација од името на населението во Пиринска Македонија, дека се тие Македонци и бараат да им се почитуваат малцинските права. Се потпишале 500 души од Петричко меѓу кои голем број селски кметови и партиски раководители и организатори. Писмото било испратено по поштата, но е фатено и иницијаторот Андон Вангелов Илиев бил испратен без суд во логорот во Белене каде останал до 1958 г.[48] Поради македонските појави во 1956 г. Областниот комитет на партијата исклучил низа партиски членови од петричките села за „сепаратизам“.[49]

Во 1957 г. се забележани осум групи со околу 130 членови од кои 44 се познати по име. Дванаесет биле осудени на затвор, а многумина биле исключени од училиште или

---

[43] Документи за борбата ..., т. II, 698, Македонският въпрос … (1944 – 1952 г.), 368, Маринов, 152
[44] Маринов, 58 - 60
[45] Кънев, Законодателство и политика, 97, Документи за борбата ..., т. II, 698 – 700, Македонският въпрос … (1952 - 1967 г.), 162
[46] Табу, 487
[47] Една од нив била Организацијата за обединување на Македонија, создадена според мислењето на ДБ од „бившиот михајловист“ Ангел Вангелов Зајков, при што констатирале дека нејзиното ширење за кратко време зело „застрашувачки размери“. Истата испратила или планирала да испрати писмо до ООН и Хрушчов (Јотевски 2, 140 – 142). Според некои интерпретации станува збор за младинска група во село Клуч од петмина младинци (иницијатори се двајца на по 18 години), кои си поставуваат јасни македонски национални цели и кои во 1957 г. се иселени од округот (Груев 98). Според отчетот на ДБ за 1956 г. петмина се раководителите кои биле уапсени и потоа ослободени „по политички причини“ (Табу, 487, 488). Друга таква била групата на Стојан Георгиев (петмина познати по име), која се залагала за обединување во едно на трите дела на Македонија; биле уапсени и држени во МВР, но на крајот ги ослободиле. Во 1956 или 1957 г. имало група во техникумот во гр. Банско начело со Илија Чиликов од с. Горно Спанчово. Се бавеле со собирање литература и агитација меѓу младината. 10 се познати по име, петмина биле осудени на затвор, а сите - исклучени од училиште за по 2 или 3 години. Истата година се забележани македонски групи и во училиштата во Петрич, Разлог, Сандански и Катунци (Георгиев, 39, 51, 52, Stoyan Georgiev, “If it is for Macedonia, i am ready to do everything”, in Violence, Politics And Memory, 244, 245, Коцелов, Табу, 174, 176).
[48] Пострадал защото е македонец, Народна воля, юни – юли, 2015.
[49] Маринов, 160

им е намалена оценката по однесувањето. Позначајни меѓу нив се групите на Бундов, Бебо Кика, Георги Голомехов, Станке Домзетски и Венко Темаќаров.[50]

Во следната 1958 г. се набљудува ново засилување на случаите на отпор меѓу македонската младина поврзани со провокациските искажувања на одредени партиски функционери и со проведени низа на лекции пред учениците и граѓанството кои го оспорувале постоењето на македонската нација. Според Реферат на 3-та Управа на ДБ од септември 1959 само на почетокот на 1958 г. биле парализирани пет „сепаратистички младински групи“ (што во терминологијата на режимот значело групи на македонска национална основа) во Благоевградски округ.[51]

Во 1958 г. биле забележани следните македонски групи: на Преѓов и Попатанасов во гимназијата во Разлог, на Методи Бошков во гимназијата во Сандански, на Бабин и Хаџииванов во селата Левуново и Капатово, а е забележана и младинска македонска група во гимназијата во Катунци. 28 од нивните членови се познати по име, а шест биле осудени на затвор.[52] Според сведоштвото на Ѓорги Попатанасов во 1958 г. во затворот во Пазарџик имало голем број осудени по македонското прашање од сите делови на Пиринска Македонија, девет од кои тој посочува по име.[53]

Во почетокот на 1959 г. според ДБ биле забележани три групи со 14 учесници. До крајот на годината ќе се зголемат до вкупно пет групи со 24 учесници, повеќето од нив младинци и деца. Осумнаесет биле „филтрирани“, шест предупредени и еден бил

---

[50] Групата на Бундов, наречена ВМРО II, имала околу 30 членови главно во селата Петрово и Јаново од кои 22 се познати по име. Млади луѓе повеќето ученици. Собирале оружје. Раскриени и уапсени тие се подложени на многу насилство за време на истрагата. Раководителите Димитар Бундов и Благо Гуштеров се испратени во затвор, а останатите се исклучени од училиште (Спомени на Иван Николов Капитанов, „Народна воля“, октомври, ноември 2015). Групата на Бебо Кика (Кирил Т. Ружин) е создадена во 1957 г. во Петрич и претставува илегална организација со цел “борба за обединување на Македония”. По име се познати 9 членови, а имала и уште 70 членови. Шестмина биле осудени од 2 до 10 години затвор (Stoyan Georgiev, “if it is for Macedonia, i am ready to do everything, 246, 247, Груев, 98). Групата на Георги Голомехов била формирана во Гимназијата во Разлог во 1957 г. По име се познати четворица од вкупно шесте членови. Се бавеле со усна агитација. Еден е исклучен засекогаш од училиште, дел – се исклучени за одреден период а на останатите е намалена оценката на однесувањето. Сите биле јавно понижени пред целото училиште од директорот како непријатели на народот и државата. Групата на Венко Темаќаров постоела во гимназијата во Гоце Делчев. Во Банско во шумарскиот техникум постоела групата на Станке Домазетски. Имало група и во гимназијата во Сандански (Попатанасов Табу, 201). Освен тоа во Банско во 1957 г. постоела неформална македонска ученичка група која пишувала повици. Начело бил Станке Илиев, четворица се познати по име, двајца биле осудени заради бегство преку граница (Илиев, Табу, 251). Во 1957 г. во Сандански била откриена конспиративна група, која си поставувала за цел обединување на Македонија. Членовите биле уапсени и кај нив биле пронајдени пароли:: „Да живее слободна и независна Македонија“, „Смрт на бугарските комунисти“, „Долу рацете од Пиринска Македонија“, „Надвор Бугарите от нашата татковина Македонија” (Груев, 98).

[51] Табу, 489

[52] Борис Самоилов Преѓов е осуден на 10, а Георги Попатанасов на 5 години затвор (Табу, 202). Во нивната група учествувале осум познати по име членови. Во 1958 г. била разбиена македонска група во гимназијата во Сандански, составена главно од ученици од селото Никудин. Биле осудени Методи Бошков - на 5 години и 6 месеци затвор, Младен Георгиев - на 5 г.,а Стойко Давчев - на 4 г. (Ако е нямало Македония, за какво се е борел Даме? Спомени на Младен Георгиев, “Народна воля”, 16 – 29 февруари 2004). Осум од членовите се познати по име од групата на Илија Велев - Бабин и Иван Гогов Хаџииванов. Се бавеле со расфрлање летоци и пишување слогани (види спомени на Бабин и Божиков, Табу, 223, 226). Тие се наоѓале во врска и со македонска група во Катунската Гимназија (двајца познати по име, се бавеле со собирање на оружие), Гогов е осуден на 10 месеци затвор (Табу, 224).

[53] Попатанасов, Табу, 203

осуден.[54] Надвор од овој список останува групата „Искра" создадена во 1958 г. во Банско која имала за цел присоединување на Пиринска Македонија кон НР Македонија. Разбиена е во 1959 г. осум од нејзините членови се осудени на затвор како агенти на УДБА.[55] Во 1959 г. имало приближно истата ситуација како претходната година меѓу „националистички настроените младинци" и Македонци главно во насока на откинување на Пиринска Македонија и нејзино влегување во Југославија или создавање на самостојна македонска држава.[56]

Во годините непосредно пред почетокот на политиката на официјална негација на македонското малцинство во Бугарија (1960 – 1963) г. во објавените спомени се регистрирани две организации, со седум познати по име членови, од кои шестмина биле осудени на затвор (максималната пресуда била во овие случаи 15 години затвор).[57] Несомнено постоеле повеќе. Според Станко Илиев во периодот 1961 – 1962 г. во затворот во Стара Загора имало триесет осудени за македонска дејност десет од кои тој ги цитира по име. Тие се држеле одвоено од останатите политички затвореници и дејствувале единствено.[58] Властите во овој период се жалат дека средношколци од Благоевград и бројни младинци од селата Микрево и Симитли си поставувале за цел да го разбудат населението за создавање на обединета Македонија, а се појавувале и памфлети за борба со бугарската власт. Слогани „Македонија на Македонците" се појавиле на јавни згради во Благоевград и Гоце Делчев. Во Петрич се ширеле памфлети за создавање на независна Пиринска Република, а било откриено и  дека одредени учители таму подржуваат националистичка македонска група. Во извештаите на Државна безбедност за 1960 г. специјално е потцртана помошта дадена од централата службата на структурите во Благоевградски округ против ширењето на националистички летоци.[59]

### ***„Такво малцинство нема и не може да има" (1963 – 1989)***

---

[54] Организација на Иван Петров и тројца други во село Раздоло сите под 15 годишна возраст, напишале позив. Биле уапсени и филтрирани. Забележан е обид за создавање на македонска група во село Илинденци од Благој Хросинков, двајца познати по име, имале цел да собираат пари за  купување на македонска литература и да ја шират меѓу членовите, биле филтрирани одДБ (Табу, 491). Благој Кондурков од с. Марикостеново земал македонска литература од југословенската амбасада со намера да создаде „националистичка група" – бил филтриран (Табу, 491). Освен тоа – се откриени две групи. едната од четири осумнаесет годишни младинци од с. Скрт, кои шреле летоци (биле филтрирани). Другата група била во село Добротино Благоевградско со шест, 15 годишни младинци, кои биле распрашани во ДБ и предупредени (Табу, 495).

[55] УДБА е кратенка за Службата за безбедност на Југославија . Цитираната организација подготвувила меморандум до ООН во кој се изјавува дека „правата на македонското малцинство се газени од бугарската држава ... Македонците во Бугарија го чекаат денот на своето ослободување", Груев 98, 99.

[56] Табу, 490 – 493

[57] Во 1959/1960 г. во Дупница во војската постоела групата на Јордан Трендафилов (петмина познати по име), која имала за цел освестување и организирање, а вклучувала и планови за употреба на оружје во случај да бидат откриени од властите, меѓутоа била раскриена и при обид за бегање во Грција се уапсени, четворица се осудени на затвор по 4, 12, 14 и 15 години (Тасев, Табу, 184, 185). Во 1960 г. биле осудени Георги Костадинов и Ангел Хаџијски во Благоевград затоа што формирале македонска група за отцепување на Благоевградски преку бунт и пишувале македонски  лозунги (Пресуда на Благоевградски окружен суд од 19 02 1962 г.,  по дело 23 од  1962 (Табу 271, 272).

[58] Илиев, Табу, 252

[59] Маринов, 160 – 165

Од крајот на 50-те години на XX в. бугарската политика започнала брзу да се свртува од интернационализам кон национализам преку што режимот се обидува да си обезбеди поширока подршка кај народот.[60] Ова наскоро ќе еволуира во политика на изградување на единствена бугарска социјалистичка нација. Прва жртва на новиот курс ќе бидат имено Македонците. Новата политика спрема Македонците била промовирана на затворен пленум на ЦК на БКП одржан во март 1963 г. Откако ги отстранил и последните кадри кои би можеле да се застапат за промакедонска политика (особено премиерот Антон Југов)[61] Тодор Живков наложил нова официјална линија која се содржела во неговите изрека дека во Бугарија „такво малцинство нема и не може да има".[62] Таа предвидувала серија негаторски и асимилациони мерки, што од своја страна довело до дратсично зголемување на бројката на индивидуален и организиран отпор меѓу Македонците.

Во 1963 г. се забележани три групи, со дваесет и четири познати по име членови од кои двајца ќе бидат испратени во затвор а двајца ќе бидат јавно понижени.[63] Јавното понижување ќе биде искористено против авторитетни личности како Илија Тевилов и учителот Перуков, против кои ќе биде организиран контролиран „другарски суд" во Сандански на кој требало да се демонстрира колку биле тие заблудени по македонското прашање, а судењето било емитувано преку системот за јавни известувања низ целиот град.[64] Линијата на понижување и исмејување на македонските ставови и на најистакнатите нивни претставници оттогаш ќе стане вообичаена практика, која е актуелна и денес.

Значајна е појавата во Софија на студентска македонска група во 1963/64 г. Сојуз на борците за обединување на Македонија, со седум познати по име членови, тројца од кои во 1964 г. биле осудени на затвор.[65] Во 1964 г. биле забележани пет групи од кои три ќе бидат раскриени до властите. Тие имале меѓу 40 и 50 членови вкупно.[66]

---

[60] Георги Марков, Задочни репортажи от България, София, 1990, с. 147, 148, 378.

[61] Процесот е започнат уште после 1957 г. кога новата административна реформа дава можност на Тодор Живков во новосоздадените окружни комитети и совети да ги подмени верните на Југов подржници на софијската македонска линија со луѓе на Тодор Живков, кои имено ќе се претворат во идните спроведувајќи на „предобенскиот процес" против Македонците во Пиринска Македонија (Груев, 96)

[62] БКП, Коминтернът и македонският въпрос, т. 2, 1288, 1292, 1203.

[63] Во 1963 – 4 г. е забележана ученичка група во Петричката Гимназија со раководител Славото од Ново Хоџово (петмина познати по име) составена од ученици од осмо одделение, кои положувале заклетва, воделе македонска агитација, идејата им била за обединета независна Македонија, а само еден за обединета Македонија во рамките на Југославија. Групата се распаднала со крајот на заедничкото учење. Во 1960 - 1964 (или дури до 1966 г.) функционирала група во село Хрсово, Санданско начело со Стојан Трајанов, со десетмина познати по име младинци, кои се вооружувале и спремале да се борат за Македонија. Тие биле и во врска со групата на Илија Велев Бабин во с. Кромидово. Живко Јовчев бил исключен (Мутлешов и Јовчев, Табу, 256, 257, 264, 265, 275, Капитанов, „Народна воля").

[64] Табу, 275

[65] Добиле по две, четири и пет години затвор. Групата си поставувала за цел признавање на Пиринска Македонија како посебна национална единица и се бавела со агитационо организаторска работа (Иванов, Табу, 286 – 289, Маринов, 161).

[66] Една од нив била ЕОМО (Единствена обединета Македонска организација) во Гоце Делчев – 15 младинци од градот и од с. Мусомиште, начело со Христо Пелтеков, кои реагирале против смената на националноста во пасошите. Познати се по име тројца од членовите. Биле уапсени, но немало казнети (Пелтеков, Табу, 300 – 304). Истата година Илија Тевилов организирал младинска група од 12 души во Санданско (Предлог за отварање на Досие за оперативно разработување, Табу, 279). Во село Калиманци се создала група од млади луѓе (15 – 20 години) начело со Крстјо Каров, кои се бавеле со снабдување со

***Административна децимација на Македонците – 1964 – 1965 г.***

Во 1964 г. со цел да ја оправдаат и аргумнтираат планираната нова политичка линија властите пристапиле кон смена на пасошите (личните карти) на населението при што инсистирале на различни начини (преку закани, убедување, притисоци или едноставно фалсификување)[67] да ги запишат Македонците во Пиринска Македонија како Бугари. Сепак 11 % (т.е. 30 000) се запишале Македонци, при што во повеќе села како Македонци се самоопределило мнозинството.[68] Оние пак кои останале непопустливи и одбиле да ги сменат пасошите имале притисоци од различен карактер и нивните пасоши биле кинени или конфискувани од полицијата кога со нив се легитимирале. Многу луѓе кога дознале дека при смената на пасошите ги пишуваат Бугари се обиделе да ги сокријат своите пасоши претендирајќи дека се изгубени, за што исто имале последици.[69]

За да се отстрани и овој намален број Македонци, кој ја преживеал „пасошизацијата" во наредната 1965 г. (една година пред редовниот рок) бил спроведен попис на населението, на кој освен агитација, закани и притисоци, ќе биде искористена и манипулација „еден маневар" како го нарекува Тодор Живков преку кој цела Пиринска Македонија осамнала бугарска.[70] Бројката на Македонци во Пиринска Македонија била симната на 1437 или 0.4 % од населението.[71] Надвор од округот каде поради распрснатоста на Македонците на голем простор не можело да се организира репресија бројката останала слична со онаа на претходните пописи.[72]

Овие настани се забележани во повеќе спомени на репресирани. Според нив акцијата се претходела од организирани собранија на кои се вршела агитација и заплашување. Сепак имало и отпор.[73] Попишувачите влегувале во домовите со поздрав „Здраво Бугари!". Оние што барале да бидат запишани Македонци биле одбивани.

---

македонска литература, а размислувале и за вооружување и бунт. Четворица се познати по име, еден е осуден на две години затвор (Воденов, Табу, 310, 311, Ilya Vodenov, "Our goal was mostly the recognition of the macedonian nation,of the fact that we exist and the unification of macedonia, ", in Violence, Politics And Memory, 218, 219). Во тоа време постоела и група во селата Клуч, Струмешница и Габрене начело со Сандо Водаров, која одржувала контакти со друга македонска група во Петрич. Биле околу 15 – 20 души, главно млади (до 25 годишни) по име се познати тројца. Одржувале собранија и читале на македонска литература. Останала неоткриена од властите. (Атанас Гецев, Табу, 333, 334).

[67] Јотевски, 2, 153, Маринов, 153, 154

[68] Маринов, 154

[69] Јотевски, 2, 154

[70] Маринов, 153, Груев, 97

[71] Јотевски, 2, 154, Маринов, 156, Чавдар Маринов, От „интернационализъм" към национализъм. Комунистическият режим, македонският въпрос и политиката към етническите и религиозни общности, http://www.makedonika.org/whatsnew/komunisticki%20rezim.pdf, користено на 10.05.2016 г., 14.

[72] Имено затоа заклучокот на Стефан Требст дека постоењето на 9 632 попишани како Македонци во цела Бугарија е доказ за веродстојност на пописот е погрешен (Стефан Требст, Бугарско-југословенската контроверза за Македонија 1967 – 1982, Институт за национална историја, Скопје 1997, 13, Јотевски 2, 178). Македонците како бројка опстанале само во внатрешноста на Бугарија, каде биле распрснати среде големи маси население, без да претставуваат опасност за територијалната целовитост на државата, нивното бугаризирање не било приоритетно, а било тешко спроведливо и реално не било можно да се вклучи во планираниот и изведен „маневар" на Тодор Живков. Бројките во Пиринска Македонија, каде Македонците се намалени до 0,4 %, сведочат имено за насилство и манипулација. Процентот е точно соодветен на традиционалната практика во комуниситчките земји за симулирање демократија преку оставање на под 1 % „други" или „воздржани".

[73] На пример Димитар Имов Зајков директорот на училиштето во Самуилово и син на основачот на ООМ ги убедил сите свои колеги да се пишат во пасошите Македонци (Маринов, 165).

Славчо Трајанов откако одбиле да го запишат Македонец побарал да го запишат Словен, но пак го одбиле и го запишале Бугарин против неговата волја. Оние кои како учителот по музика Панделеј Пасков реагирале биле казнувани (Пасков е преместен на работа во планинските села). Во овој случај за прв пат се забележува една нова причина за репресија – пеење македонски патриотски песни, чест повод за репресија во наредните децении. Кметот на село Скрт кој во пописната карта запиша „по наредба на Бугарската комунистичка партија изјавувам дека сум Бугарин“ бил казнет, а покрај него пострадало и неговото семејство.[74]

После пописот на сите „словенофони“ жители на Пиринска Македонија во пасошите им се пишувало само „Бугари“, што предизвикувало незадоволство кај дел од населението и останува како траума во колективната меморија до денес.[75] Како одговор на асимилациониот притисок појавите на отпор во 1964 – 65 г извонредно зачестиле, што пак предизвикало дополнително ангажирање на сите структури на комунистичката партија и на низа државни институции. Кај младината во Санданско и Петричко, а особено по селата комунистичката партија забележала чести „антинационални“ и „предавнички“ ставови.[76] Силниот отпор при запишувањето на луѓето како Бугари ќе биде една од причините кои ќе доведат до укинување на графата „народност“ во пасошите и до денес таква не постои.[77]

***Врв во обидите за организирање на отпор (1965 – 1973)***

Меѓу 1 јануари и 20 август 1965 г. властите откриле повеќе од 17 случаи на слогани и сепаратистички прокламации во територијата од Петрич до Благоевград, како и две македонски групи. Во истата година било констатирано постоење на отпор кај дел од учителите и особено оние во селските училишта – нив партијата ги карактеризирала како недоучени, расипани, аморални пијаници со големи претензии. Во село Самуилово повеќето од учителите немале „здрави позиции“ и ги поттикнувале македонските слогани на учениците. Истата година поради македонски национализам повеќе учители од селата Коларово, Огражден и Гара Пирин биле отпуштени или испратени на работа во други села. Во областа Подгорија убиството на двајца млади македонски патриоти (Панде Илиев Панделиев и Георги Гецев) од граничната војска во 1965 г. предизвикало побуна на населението, заради што многу учесници ќе бидат казнети и пратени во затвор, или исклучени од партијата, додека убиецот – капетан од граничните војски, само ќе биде преместен на ново работно место.[78] Дури и само затоа што создал песна за убиените момчиња, во која ги опеал како синови на мајка Македонија и која станала популарна меѓу населението Панде Пасков Панделиев од с. Клуч бил отпуштен од работа. Поради сите овие појави во крајот на годината комунистичката партија започнала голема кампања во Пиринска Македонија со цел потиснувањето на манифестациите од

---

[74] Види Табу, 418 (Талев), 430 (Павлов), 397, 398 (Трајанов), 190, 191 (Петков), Јотевски, 2, 154
[75] Груев, 101
[76] Маринов, 161
[77] Наредба № 56 од 29 септември 1978 г. на Министерскиот совет "за замена на личните пасоши на граѓаните на Народна република Бугарија", со натпис "Секретно" (Протокол №36 на БМС од 14.9.1978 г.) (Михаил Иванов, Като на празник, документални страници за „възродителния процес” (1984 - 1989), http://www.omda.bg/public/biblioteka/mihail_ivanov/praznik_5.htm (посетено на 28.11.2015).
[78] Табу, 334, 335 (Атанас Гецев), 337( Димитар Гецев), 341 (Христо Гецев), 343 – 346 (Герасимов), 346 – 349 (Филатов).

„националистички карактер“ и „империјалистичката идеолошка диверзија“ комбинирајќи агитација и закани.[79]

Според Благоевградскиот окружен комитет на БКП во периодот 1965 – 1967 г. биле откриени 15 македонски националистички групи со 90 членови кои се залагале за Независна Македонија. Истиот побарал од Централниот комитет построги казнени мерки против учесниците во таквите „антибугарски појави“.[80] Притоа членството на партијата во селата Огражден, Гара Пирин и Коларово било обвинето за пасивност и недолучност. Државна безбедност во Благоевградски округ од своја страна констатирала дека во периодот 1965 – 1968 г. се откриени 28 групи со 136 членови и 22 самостојни активисти. Во истиот период се појавиле конфликти меѓу Македонци и Бугари за време на фудбалските натпревари. Во 1967 г. десет адолесценти биле обвинети за ширење на летоци со „националистичка содржина“. Други документи констатираат дека во 1967 – 1968 г. е забележан нов полет на „скопскиот национализам“.[81]

Повеќето од посочените организации засега остануваат непознати. Во спомените објавени во сборникот „Табу“ во периодот 1965 – 1967 се регистрирани само три од нив. Во 1965 година се откриени две мали групи (на Иван Ѓуров и Борис Петков). Четворица се осудени на затвор. По затворот Ѓуров бега преку границата за Југославија, при што е ранет и југословенските власти го предаваат на бугарските.[82] Во Пиринска Македонија во овој период се појавува Комитет за заштита правата на Македонците, кој од тактички причини во 1968 г. ќе се преименува на Пиринска македонска комунистичка партија. Комитетот создал свои разграноци во Благоевград, с. Крупник и с. Градешница. При неговото раскривање и разбивање во 1970 г. двајца биле осудени на затвор, еден е иселен, тројца губат работа, еден е исклучен од партијата.[83] Надвор од Пиринска Македонија е забележана група во Варна начело со Стојан Дрохлев (1965 – 1967).[84]

Отпорот на кој наоѓала политиката на демакедонизација во Пиринска Македонија ќе го поттикнат првиот секретар на благоевградскиот окружен комитет во 1968 г. официјално да побара построги казни за појавите на македонска самосвест, како и преземање на сеопфатни мерки за бугаризација на населението.[85] Неговите предлози

---

[79] Маринов, 161 - 164
[80] Македонският въпрос … (1952 - 1967 г.), 384 - 386
[81] Маринов, 161 – 165
[82] Група на Иван Ѓуров и Иван Шутаков 1965 во Микрево; пишувале натписи на патот дека Македонија не е ниту бугарска ниту српска - уапсени се тројца, при што се тепани, а двајцата посочени се затворени, при што Ѓуров требало да работи во уранов рудник за три години. И покрај високото за времето образование по ослободувањето Ѓуров не добива работа и бега во Југославија од каде ранет е вратен. (Методи Ѓуров, Табу, 327). Втората е групата на Борис Петков и Стојан Тасев, која функционирала во Сандански и Брежани, пишувале летоци и за целта украле машина за пишување. Осудени се Петков на 3 години, а Тасев на 6 месеца. Петков престојува во 7-ми оддел, оној за смртници и дури му е инсценирана екзекуција (Пресуда бр 103, бос, 26 11 1965, по дело 293/1965, Табу, 186, 187 (Тасев), 190 (Петков), 193)
[83] Се појавила по 1963 и пред 1967 г. во Благоевград. Шест познати по име (Коцелов 177, Павлов 431), Во 1970 г. е разбиена и Јордан Костадинов и Кирчо Пенчев се осудени на затвор. Павлов е избркан од работа, Се обидувала да испрати меморандум до Советувањето за безбедност и соработка во Европа за „тешката положба на македонското малцинство во Бугарија“ (Павлов, Табу, 433, Груев 101). Во 1967 г. Коцелов создава група разгранок на комитетот во с. Горна Градешница – шест души познати по име – пишувале натписи по асфалтот. Разбиена е во 1970 г. Коцелов е иселен за 2, 5 години во Тетевенско а Воденичаров е исклучен од партијата и губи работата на учител (Табу, 178, 179 (Коцелов), 447 (Воденичаров).
[84] Стојан Дрохлев и тројца други познати по име (Воденов, Табу, 311).
[85] Македонският въпрос … (1952 - 1967 г.), 384 - 386

биле земени во предвид и истата година Политбиро на комунистичката партија излегува со план и сеопфатни мерки за демакедонизација и бугаризација на населението.[86] Без разлика на тоа бројката на македонски групи продолжила да расне. Во 1968 г. во село Мусомишта Гоцеделчевско бил откриен собор на 80 „македонисти“.[87] Во 1968 – 1969 г. во објавените спомени се регистрираат 6 групи, а 15 од нивните членови биле осудени затвор.[88] Меѓутоа документацијата сведочи за далеку поголем број. Така само во селата Петрово и Катунци меѓу 1966 – 1967 г. биле забележани од властите пет такви групи,[89] од кои преку објавените спомени со кои располагам може да се идентификува само една.

Меѓу 1970 – 1973 г. се разбиени шест организации,[90] а се забележани и други такви.[91] Меѓу 12 - 16 души се осудени на затвор, а многу други се исклучени од

---

[86] Протокол "А" № 128 од седница на ПБ на ЦК на БКП "относно планирани мероприятия по македонския въпрос", од 26 март 1968 г, т. 3 а. ЦДА, ф. 1Б, оп. 35, а.е. 127 , л. 4-5, 16-23. (Македонският въпрос … (1952 - 1967 г.), 387

[87] Маринов, 163

[88] Во 1968 г.се создадени следните групи. Организацијата „Илинден“ во Петрич од Сократ Маркилов, Стојан Георгиев и уште 15 други. Разбиена е во 1973 г. (Табу, 165 – 168 (Георгиев), 150, 151 (Маркилов), Груев, 102). Група на учителот Вангел Тиков во Сандански, пет души познати по име. Цел – обединување на сите Македонци и Македонија и создавање самостојна македонска држава, осудени се на 3, 5, 2 и 1 години затвор (Пресуда бр. 13 18 02 1969 БОС, НД 26/1969, 419, Табу, 59 (Тиков), 417 (Талев)). Во врска со групата на Тиков, имало и друга група во с. Поленица, водена од Ангел Георгиев и Костадин Златков и уште 3-4членови. Еден е осуден на 4 години затвор, а 1 – условно. Група на Воденов во с. Калиманци - 5 познати по име, пишувале писма и слогани, размислувале за вооружување, Воденов е осуден на 2 години затвор (Воденов, Табу, 312). Во 1968/9 г. постоела група На Георги Марков (Или Георги Штрбев) во с. Брежани која вклучувала секретарот на општинскиот комитет на комсомолот, заедно со еден учител од Банско и уште еден член. Била разгранок на голема група со центар во градот Банско и разграноци во Г. Брезница, Д. Градешница и гара Пирин. Според некои информации одржувала врска со групата на Костадинов. Двајца познати по име – пишувале слогани „Македонија на Македонците“. Марков е осуден на две години затвор, а на затвор е осуден уште еден член. Таму Марков бил третиран со психотропни медикаменти и ментално се пореметува, а по ослободувањето служел како агент на ДБ, умира наскоро по ослободувањето (Табу, 428 (Љулејски), 432 (Павлов). Во 1968 - 1970 г. е разбиена голема група начело со Тевилов, која имала разграноци низ Санданско, Благоевград, Банско, Петрич, Крупник. Во Санданските села се тврди дека имало над 30 души. Се бореле за независна Македонија, а не сакале присоединување кон Југославија. Групата собирала оружје и замислувала вооружени акции. По разбивањето некои успеваат да избегаат во Македонија. Повеќе добиваат пресуди до 4 години затвор (Табу, 276, 277 (Тевилов), 449, 450 (Методи Лазаров).

[89] Маринов 163

[90] Во 1970 г. била разбиена групата на Георги Штрбев и Костадин Иванов во Брежани, дел се врбувани а дел добиваат ефективни пресуди (Груев, 102). Постоела неформална организација со спроведување на пикници во Пирин со патриотска програма (Дукимов, Табу, 40, 41) разбиена од власта после две излегувања, но без судски процеси, а само еден – Крум Тимчев бил иселен (Georgi Dukimov, "We did not want to be in the federation, ...", 201). Во оваа година се создава организацијата „Невидиливи орли на Беласица“ начело со Крум Тимов. Познати по име 5, од вкупно 10 членови. Работела во реонот Подгорија. Се бавела со слогани, натписи и агитација. Осудени се Тимов на 1 година, Герасимов на 5 месеци затвор (Герасимов, Табу, 353 – 355). Во 1972 г. се формира младинска група во Шумарскиот техникум во Банско. По откривањето учениците се исклучени (Мутлешов, Табу, 258, 259). Во ноември 1973 г. е разбиена организацијата „Илинден“. Осудени се според едната верзија 11 души кои добиваат меѓу 2 и 12 години затвор (Маркилов, Табу, 150), според другата 15 се испратени на истрага во Софија од кои 7 ќе бидат ослободени. Останатите се осудени од 1 до 5 години затвор (Георгиев, Табу, 165 - 167, Stoyan Georgiev, "If it is for Macedonia, i am ready to do everything..., 247, 248). Во Петричко, во 1973 г. според извештаите на ДБ е разбиена уште една младинска организација (Табу 499, 500).

[91] Во 1973 г. на пример ДБ има откриено 6 нови дела за „промакедонски национализам“, констатира засилување на националистичката дејност на „проскопска основа“ и изградба на групи кои сакаат да ја присоединат Пиринска Македонија кон Југославија (Реферат за дејноста на одел 3 во 6 уп на ДС за 1973 г., Табу 499, 500.

училиште. Во 1973 и 1974 г. се одржани два судски процеси со неколку десетици обвинети за „промакедонски национализам". Во 1974 г. ДБ соопштува за „промакедонски националистички елементи" во Благоевградскиот и други окрузи кои преку анонимни писма инсистираат за „самостојна македонска држава", „Македонија на Македонците" и се објавувале против асимилацијата на Македонците.[92] На удар и репресија ќе бидат дури и невини форми на македонски патриотизам како пикници и екскурзии со пеење на македонски народни песни.[93]

Силните репресии организирани од режимот после 1963 г. ќе бидат причина македонскиот национализам да придобие силно антикомунистичка насоченост. Деценијата на жестоки репресии 1964 – 1974 дала и друг резултат: според реферат упатен на 25.09 1979 до 6–та управа на ДБ во Благоевград, од 1974 г. натаму промакедонските настроенија во округот немале организиран карактер, туку се изразувале во пеење на песни, читање на промакедонска литература, слушање и коментирање на радио Скопје и изразување несогласност со политиката на БКП по македонското прашање. Според овој документ во мнозинството случаи се во прашање младинци, а во некои случаи станува збор и за лица кои порано веќе биле репресирани.[94] Други документи на истата служба меѓутоа известуваат дека сепак постоеле обиди да се организираат групи на отпор и во 1977 г.[95] Во 1975 г. службите со загриженост констатираат дека македонскиот идентитет станува привлечен и за помашкото (муслиманското) население во Пиринска Македонија.[96] Независно од тоа што пројавите повеќе не успевале да стигнат до ниво на организација, туку биле на индивидуално ниво сепак во 70-те години како број тие не се намалиле – прогонот на македонската самосвест останува меѓу приоритетите на репресивните органи на комунистичката држава. Исчезнувањето на организираната форма на борба може да се објасни со тоа што властите ги откривале многу полесно организираните групи и ги казнувале многу построго нивните членови. После деценија на жесток терор Македонците сфатиле дека е многу побезбедно да работат индивидуално. Дополнителна причина била и отстранувањето на уроците за македонска историја од учебниците, кои инспирирале доста од учениците Македонци – после 1971 г. повеќе немало ученици во училиштата кои да имале учено од такви учебници.

Пописот во 1975 г. станал нов повод за репресии, но и покрај сè во него биле отчетени „граѓани од небугарско потекло" вклучително Македонци, но резултатите никогаш нема да бидат објавени.[97] Оние што се изјасниле Македонци на пописот со денови биле влачени низ милициските станици додека не се согласат да бидат пишани Бугари,[98] а стотици кои одбиле да го сторат тоа биле интернирани.[99]

---

[92] Табу, 499 – 504
[93] Georgi Dukimov, "We did not want to be in the federation, ...", 201.
[94] Табу, 540
[95] Во документацијата на ДБ за 1977 г. се зборува за лица во Пиринска Македонија кои се ангажираат со остра промакедонска пропаганда, се обидуваат да создаваат групи за будење на македонско национално чувство, испраќаат писма,расфрлат летоци, пишуваат слогани со промакедонска содржина, (Табу, 508)
[96] Груев, 102
[97] Маринов, 155
[98] Македонците се раждат такива, спомени на Костадин Методиев Петков, „Народна воля", I – II, 2006 г., Табу, 455
[99] Јотевски, 2, 176

Меѓу конкретните случаи на репресија во овој период заслужува да се спомне оној на Кирил Панчев и Јордан Костадинов Иванов обвинети и осудени во 1976 г. на затвор. Во 1980 г. одкако излегол од затвор Јордан Иванов пак е осуден на две години затвор.[100] Извештаите на ДБ и Комунистичката партија сведочат дека и во 70-те години без разлика на сите чистки во раководствата и членството на комунистичката партија на некои места тие останувале непоправливо македонски националистички.[101]

За времето после 1983 г. во документацијата од ДБ не најдов податоци за конкретни репресии, макар што такви да имало.[102] Со стартот на перестројката и слабеењето на режимот македонските пројави се засилуваат поново, што предизвикува загриженост и дебата по ова прашање дури и во Политбиро на БКП.[103]

### ***Размер на отпорот и митот за маргиналноста***

Властите после 1963 г. вложиле многу напор да ја искоренат или во најмала рака да ја маргинализираат македонската самосвест, како и да го маргинализираат секој еден Македонец кој се спротивставувал. За последното с екористеле исклучувања од комунистичката партија, губење на престижни работни места и шанси за кариера, исклучување од училиште и недопуштање до повисоки образовни институции биле дел од методите преку кои се стигнувало до тоа. Меѓутоа и покрај сите напори македонската самосвест си останала масовна појава. Опишаните овде репресии се случувале на мал простор од 6800 кв. км. со население кое во периодот нараснува од 252 000 до 344 000,[104] од кои 16 % биле муслимани, а околу 3 % Турци и Роми (и како такви не биле дел од репресиите против Македонците). Поради тоа тврдењата дека истата и нејзините носители се јавувале маргинална појава во Пиринска Македонија, кои можат да се сртенат во науката[105] се лишени од основа. Токму напротив, во Пиринска Македонија за целиот период на комунизмот основната репресија била насочена против македонската самосвест и национализам, во кои власта гледала главна опасност. Посочените овде репресии се јасно сведоштво за тоа. Но не треба да се испушта од вид дека овие податоци се само делумни – споредувајќи ги статистиките од официјални извори за откриени организации со тоа што го наоѓаме во спомените и објавените пресуди (и што е презентирано во овој труд) можеме да заклучиме следното: во периодот 1950 – 1955 г. ни остануваат непознати меѓу 66 – 75 % од организациите и репресиите; во периодот 1956 – 1960 г. тој процент се намалува на околу 40 %, за да стигне во периодот 1965 –

---

[100] Јотевски, 2, 176.

[101] Маринов, 163

[102] Можам да додадам еден мој детски спомен за 1984 г. кога рано наутро нашата куќа беше опколена и бевме изведени надвор од полиција за да биде направен претрес. Татко ми беше задржан и помина месец во притвор каде започна штрајк со глад. Вината му беше што пишувал македонски и антикомунистички стихотворби и имал забранета литература и мапа на Македонија дома. Годишнината од 9 септември1944 г. и започнатата перестројка помогнаа после месец во притвор да биде ослободен без да биде суден.

[103] Тодор Живков во 1985 г. изјавува „Тоа не значи, дека во Благоевградски округ сè е решено, зашто има некои факти, особено меѓу ученичката младина. Во еден автобус некој рекол дека е Бугарин, останатите го запираат автобусот и го симнуваат. Но тоа се изолирани факти“ (Груев, 97). Последната констатација меѓутоа се демантира од највисоко ниво. На 11 април 1989 г. на седница на Политбиро посветена на идејата „За понатамошно единство на бугарската социјалистичка нација“, ова прашање било дискутирано со загриженост од заменик премиерот Пенчко Кубадински и воениот министер Добри Џуров, кои констатирале засилување на македонските пројави (Табу, 473 – 475, 477).

[104] Енцикопедия Пирински край, т. 2, Благоевград, 1999, 153

[105] Груев, 55, 58.

1967 г. до 80 %. Т.е. мнозинството на организациите, а со тоа и на репресираните остануваат непознати засега. Според тоа посочените во овој труд 39 испратени во затвор во периодот 1950 – 1960 г. и 41 во периодот 1961 – 1974 г. претставуваат само еден мал дел од реално затворените чија вкупна бројка меѓу 1950 – 1974 г. би требало да се движи некаде меѓу 160 и 400. Кон нив треба да се додаде големиот број осудени меѓу 1945 – 1949 г., како и извесен број такви по 1974 г. Оваа бројка би била неколку пати поголема ако не беше околноста што големото мнозинство од учесниците во овие организации биле малолетни лица, кои не можеле да одат затвор (но пак ги праќале во Трудово воспитни установи за ученици). Осудените на затвор меѓутоа биле најмалата група од репресираните. Иселените, отпуштените од работа, исклучените од училиште, уапсените и малтретираните за време на истрагите – секоја од овие групи била во пати поголема од осудените на затвор. За да се сфати опфатот на репресиите треба да се каже дека сите овие бројки се скоро исклучиво составени од мажи, но покрај секој таков на различни начини страдало и целото негово семејство – родители, жена, деца.

Борбата против „промакедонскиот национализам“ се јавувала важна задача на репресивните служби не само во Пиринска Македонија, но е таква дури и на општо државно ниво. Макар турското малцинство да било неколку пати помногубројно од македонското и зад него да стоела најмоќната соседна држава (притоа од гледна точка на режимот „непријателска, буржоаска, империјалистичка“ членка на НАТО) - Турција, бугарските власти одделувале подеднакво внимание и често дури поголеми ресурси за асимилација и прогонување на македонското малцинство, зад кое (и тоа не секогаш и не особено загреано) стоела Југославија - социјалистичка необврзана земја, која не се јавува реална закана за членката на Варшавскиот пакт - Бугарија. Тоа покажува дека властите се чувствувале загрозени не геополитички и од надвор, туку идеолошки и од самото малцинство и неговите стремежи, кои биле оценувани како многу сериозна закана. Единствено огромниот и постојан притисок на државата успевал да ги задржи македонските настроенија меѓу населението под контрола и да не дозволи истите да прераснат во сериозни и масовни политички акции. Всушност дури и во редовите на комунистичката партија и покрај постојаните „чистки“ македонската самосвест нема да може да биде докрај потисната.[106]

Реалната тежина на репресиите против Македонците може да се измери преку активноста на Државна безбедност и одвојуваните од неа ресурси.

Во 1958 г. според регистрираните активности што требало да се спречуваат од ДБ Пиринска Македонија заземала прво или второ место на ниво на цела држава. Според извештајот за состојбата со анонимни писма во 1958 Благоевградски округ повово бил на прво место според случаите на расфрлање летоци, а на 5 место според нивниот вкупен број. Исто така округот бил на второ место според случаите истражувани од ДБ и на второ место според раскриените случаи, отстапувајќи само на столицата Софија, која имала доста поголемо население.[107] Во следната 1959 г. Пиринска Македонија била на прво или второ место според активностите што требало да се набљудуваат или спречуваат од ДБ. Според отчетите на ДБ за „непријателски младинци“ Благоевградски

[106] Спореди Маринов, 163
[107] Табу 494, 495

округ заземал едно од првите места во земјата. Според реализирани и нереализирани случаи и според графа „илегални организации“ и младинци што „ја предале татковината“ (т.е. избегале во странство) округот е без конкуренција во Бугарија. На прво место е округот и според бројот на нови врбувани агенти.[108] Овие рекорди на далеку не најголемиот округ во државата се должат во голема степен на големата честота на македонски активности и појави меѓу населението таму. Тоа станува сосема очигледно од некои отчети на ДБ во 1970-те години.

Во 70-те години Трети оддел на Шеста управа на ДБ се бавел со сите случаи за „национализам“ кај малцинствата (турски, македонски, ромски, влашки, ермениски, еврејски), а во некои периоди и со младината, духовништвото, бегствата преку граница и сл. Отчетите на овој оддел на ниво на држава ни даваат можност да ги извлечеме следните статистички параметри:

Во 1973 г. околу 25 % од капацитетот на овој оддел бил насочен против Македонците. Во истата година 28 групи и лица биле „филтрирани“ за „промакедонски национализам“ (Табу, 499, 500). Во 1977 г. 23 % од направените „профилактики“ и 32 % од добиените сигнали во одделот биле имено за македонски национализам. Во 1977 – 1978 г. 50 % од досиејата отворени од управата биле за македонски национализам (а не било затворено ниту едно постаро дело), додека според сигналите „промакедонскиот национализам“ опфаќа 33 %. Во почетокот на 1979 г. 33 % од отворените нови досиеја се за македонски национализам. Падот е последица од реското засилување на значењето на прогонувањето на турскиот национализам. Меѓутоа 63 од 135 дела во оваа година биле македонски или 46,7 % од вкупниот број. Во 1983 г. 18 % од делата, 27 %, од Досиејата за оперативно набљудување (ДОН), 32 % од водените на отчет случаи, 32 % од водените на агентурно набљудување и 23 % од профилактиките се повово по линија на „промакедонски национализам“.[109] Т.е. до времето кога започнува „преродбенскиот процес“ против муслиманите во Бугарија борбата со македонската самосвест се јавува често основната задача на ниво на цела држава во борбата против малцинствата на соодветниот одел на Шестата управата, а поретко зазема второ место.

Според отчетите на службата за безбедност во 1979 г. освен во Благоевградскиот округ промакедонски појави биле регистрирани во уште девет окрузи (Стара Загора, Јамбол. Пловдив, Шумен, Габрово, Пазарџик, Михајловград, Враца и Бургас), при што предничеле Пловдив и Шумен, со по 3 и 2 дела, а во останатите имало по 1 случај.[110] Т.е. во крајот на 70-те години на XX в. во 10 од 28 окрузи на Бугарија имало промакедонски појави забележани од службите за безбедност. Сепак над 90 % од случаите потекнувале од Благоевградски округ, што значи дека само овој – еден од вкупно 28 окрузи бил

---

[108] Табу, 490 – 493

[109] Табу, 508 – 550

[110] Тие се: Пловдив (1 ДОР и 2 Дела за оперативно набљудување (ДОН) по промакедонски национализам), Шумен (2 ДОН), Габрово (1 ДОР по југословенско разузнавање и 1 по македонски национализам), Стара Загора (Групно дело за оперативна проверка (ГДОП) за заблудени по линија на промакедонски национализам), Јамбол (ГДОП „Националисти“, кои направиле обиди за сплотување и дејност), Пазарџик (спречен Филип Јанков од Велинград да предаде напишан од него сценариј на македонска пиеса), Михајловград (1 ДОП по македонски национализам и 2 сигнали за југословенско разузнавање), Враца (случаи на македонски декларации за Вапцаров и присоединување на Пиринска Македонија од член на БКП), Бургаски округ (во првите 6 месеца на 1979 г. 1 сигнал за промакедонски национализам), Табу, 521, 527, 535, 536, 537.

доволен за да заземе борбата со македонската самосвест главно место во Третиот оддел на ниво на држава.

***Форми на отпорот***

Основно македонските организации се бавеле со усна агитација, наоѓање нови членови, пишување слогани по ѕидови, расфрлање летоци, набавување и читање македонска литература, праќање анонимни писма до поединци и особено до државни чиновници, разговори, и мечтаење за обединета Македонија. Т.е. во прашање е дејност која не се јавувала реално опасна освен во идеолошка смисла. Само во подрастични случаи имало обиди или намери да се создаде революционерно движење, но и тоа било повеќе на ниво на мечтаење или во вид на детска игра. Сепак имало и случаи кога намерата добивала посериозни размери, макар да не е познат ниту еден случај после 1950 г. во кој да се стигнало до насилни дејствија. Поради жестоките репресии и превентивните мерки на властите не успеало да се создаде едно единствено и масовно македонско движење туку имало мноштво организации кои постоеле кратко и бргу биле откривани и растурани.

Една од главните особености на македонскиот отпор во Бугарија во разгледуваниот период е во тоа што најголемиот дел од активистите биле ученици. Делумно тоа се објаснува со тоа што повеќето спомени со кои располагаме се собирани после 2000 г., кога многу од возрасните учесници во овие настани (особено оние од 50-те години) биле веќе покојници. Меѓутоа доминацијата на младинци е видлива не само од спомените, но и од сочуваната документација. Жестокиот сталинистички терор од 1944 – 1953 г. практично ја скршил волјата на возрасните за отпор и тие биле силно мотивирани да избегнуваат секој судир со властите, за разлика од неискусните исполнети со идеализам младинци. Повеќето од младите откако еднаш ќе поминеле низ инквизициите на државна безбедност повеќе нема да имаат храброст да се бават со истото. Така до крајот на периодот огромен процент македонски активисти остануваат млади луѓе од 15 – 20 години.

Друга причина се јавуваат училиштата. Тие биле главни центри на македонска дејност после 1953 г. Поттик за организирање во нив до 1957 г. се јавувало неизучувањето на македонскиот јазик и култура и реакциите против некои моменти во уроците за бугарска историја. После 1957 г. дополнителна улога играле провокациите од страна на властите и негирањето на македонскиот идентитет. Своја улога до средината на 60-те години игра и тоа што во училиштата се изучувала макар и ограничено историја на македонското револуционерно движење, која дополнително ги инспирирала учениците Македонци, а до крјаот на 60-те години во некои учебници сеуште имало поедини текстови што признавале постоење на Македонци во Бугарија.

Уште една карактеристика се јавува многу слабата застапеност на жените во овие пројави. Таквите биле единици. Затоа основниот вид репресирани биле од машки пол. Меѓутоа жените макар и посредно исто биле малтретирани зарад своите мажи и синови, а општествената маргинализација се применувала против сите членови на семејството на активните по македонското прашање лица.

Во идеологијата на овие организации основни доминанти биле признавањето на македонската нација, изучувањето на македонскиот јазик и историја, осветсувањето на

населението дека е македонско, спротивставување на асимилаторската политика. Во однос на нивното видување на идеалното разрешување на македонското прашање може лесно да се забележи дека создавањето на целосна независна обединета Македонија со центар Солун се јавува главна опција, додека опцијата на обединување со НР Македонија во рамките на Југославија имала малубројни привrзаници.

***Ресесиите на властите***

Против овие најчесто невини и дури наивни форма на отпор (мислам главно на времето после 1950 г.) властите одговориле со терор. Центар на организиирање и спроведување на пропишаните од комуниситката партија и држава прогони биле службите за безбедност и особено нвините политички одели. На почетокот тоа бил Одел А, во 1950 г. таков станал Први оддел на дирекција Државна безбедност, од 1952 г. тоа го вршел Трети таен политички оддел. Во 1967 г. е создадена Шеста управа „за борба со идеолошката диверзија, контрареволуционерните, националиситчки и други портивдржавни пројави во земјата“.[111] Овде прво во Оддел 3, а потоа во Оддел 4 се водела борбата со „промакедонскиот национализам“.

Особено страшен бил периодот на сталинизмот. Секое сомнение предизвикувало истрага а секоја истрага се сфаќала како презумпција за виновност; задачата на истрагата била само да се аргументира пресудата, при што сретсвата не биле бирани. Истрагите во овој прв период биле вршени според примерот зададен од Советскиот сојуз. Во таквите услови обидите на обвинетиот да ја негира вината биле исклучитлено за негова сметка и воделе само до зголемување на инквизициите без било каква надеж за оправдување. Освен тоа во овој период пресудите биле особено тешки – стрелање, испраќање во логор на смртта, долгогодишен затвор. Многумина така и нема да се вратат од таму или ќе се вратат со уништено здравје.[112] При тоа условите не само во логорите (кои не се разликувале суштински од оние во ГУЛАГ), но и во самите затвори биле извонредно тешки, политчките затвореници, а во нив ред и Македонците биле третирани полошо од криминалците – насилството во различни форми било редовна појава, затварање во саменички келии и постојаната недохранетост биле дел од секојдневието на затворениците, а во логорите се додавал и исцрпувачкиот труд.

Со крајот на култот спрема Сталин и укинувањето на системот на логорите ситуацијата малку се подобрила и во затворите. Освен тоа ДБ постепено го сменила системот на работа претпочитајќи почесто превенција и запирање на дејствијата што тие ги каратеризирале како непријателски пред истите да се случат. Заканата, притисокот, уценувањето, убедувањето и умереното насилство биле користени за оваа цел, при што била развиени цели методологии нарекувани „филтрирање“ и „профилактирање“ на осомничените, кои претставувале методи на репресија надвор од сутскиот систем. Овој приод бил претпочитан зашто се избегнувале ризиците от отврените сутски процеси и

[111] Държавна сигурност, Структура и основни документи, т. 1, София 2010, 496, Държавна сигурност, т. 5, с. 11 – 13.
[112] Табу, 51, 52 (Кочев), 132 (Калајџијски).

опасноста од создавање херои и маченици.[113] Меѓутоа физичкото насилство до крајот на периодот не било исклучено како опција во време на истрагите.

При сигнал за јавно изразување на македонска самосвест или сомнение за таква „дејност" се сформирало ДОП – Дело за оперативна проверка. Проверката вклучувала следење на лицето, испраќање на агенти и информатори кои да ги откријат неговите позиции, распрашување на блиски и пријатели на осомничениот (особено такви кои се комунисти). Првата и најлесна реакција на ДБ против таков човек била (во подоцнежниот период) профилактирањето – викање на разговор, заплашување и предупредување, потпишување на протокол за откажување од таква „дејност" и сл. Доколку во прашање бил ученик - истиот бил викан кај директорот на училиштето или во полицијата и таму испрашуван: кој го учел на овие работи, дали има и други што мислат така, му се заканувале и го предупредувале да не се бави повеќе со тоа, а се правел обид истиот да биде направен информатор. Родителите исто биле викани во училиште. На ученикот можело да му се намали оценката по однесувањето и дури да биде исклучен од училиштето.

Ако „профилактираниот" сепак продолжел со своето „непријателско однесување" се пристапувало кон посериозни мерки на притисок: бркање од училиште или од работа, дискриминирање на работно место (давање полоша работни места од оние за кои се квалификувани – особено за оние со високо образование), праќање на работа на опасни места (уранови рудници и сл.), ограничување на правата на најразличен начин (особено слободата на движење), притисоци врз семејството, кои постепено ескалирале. Освен закани, се користело и насилство и дури киднапирања. Во некои случаи наилството одело толку далеку што доведувало до психичко пореметување или до уништување здравјето на жртвата.[114]

Една од важните задачи на режимот била да не се дозволи таков човек да влијае на луѓето околу себе. За такав цел се уривал неговиот авторитет пред општеството. Еден од најперфидните методи бил создавањето на впечаток дека е предавник на својата идеја и соработник на службите за безбедност: за целта се пуштале гласови и намерно и јавно се демонстрирал добар пријателски однос спрема него од местните раководители на ДБ. Една од построгите мерки за изолирање било иселувањето далеку од родното место за неколку години (обично внатрешноста на Бугарија во реони со турско население), која можела да се презема без судење, со наредба од ДБ.

Доколку не се откажел или поминел кон поактивна дејност се одело на апсење, истрага и пресуда. Притоа опишаните репресии можеле да бидат предизвикани дури и од најобични работи како пеење македонски песни,[115] пишување стихотворби и прозни дела на македонски позиции, слушање на радио Скопје, поседување на македонски книги и дури само зборување дека има Македонци или поставување на незгодно „македонско" прашање на учител. Плочите со македонски песни, па дури и касетофоните биле

[113] Държавна сигурност. т. 5, с. 16
[114] Табу, 428 (Љуљејски).
[115] Груев, 56

уништувани или конфиксувани, а нивните сопственици – санкционирани. На „рецидивисти“ се водело ДОН, Дело за оперативно набљудување.

Далеку потешко се прогонувала организираната дејност. За таква се сметало секое редовно собирање на три и повеќе лица кои споделувале и дискутирале македонски позиции. При забележување на македонска дејност во вид на натписи, летоци и сл. или дружење на „сомнителни лица“ се формрирало ДОР – Дело за оперативно разработување. Се поминувало кон следење, инфлиртитрање на шпиуни или врбување на тави од групата. Во некои случаи се применувала контрола на корепсонденцијата (М „Вихрен“), прислушкување на телефоните (М „Пирин”) или прислушкување преку инсталирање микрофони (М „Родопи”). После собирање на доволно докази следеле апсења и истрага при што се користеле различни форми на физичко и психичко насилство. Македонските активисти за време на посериозните истраги биле држени во 7-мо одделение на Софискиот затвор каде ги држеле и осудените на смрт.[116] Во потешки случаи се стигнувало до осудување на различни години затвор или логор (од 1 до 20 г.),[117] или испраќање во Трудови воспитувачки училишта (ако обвинетиот е неполнолетен). Во затворите исто биле малтретирани и измачувани на различни начини со глад, студ, извонредна работа, физичко малтретирање. Понекогаш судските процеси против малолетни биле така темпирани што обвинетиот да стане полнолетен пред да добие пресуда за да може да биде испратен во вистински затвор. Најтешка се јавувала смртната пресуда, но после времето на Сталин таа изгледа не се применувала.

Малтертирани биле и роднините на обвинетите. Често биле држени во неизвесност зашто се уапсени нивните блиски и каде се одведени. Освен тоа се применувало иселување на фамилијата (ако нејзин член е осуден на затвор или избегал преку граница).

Казните биле несразмерни со извршеното особено кога се земе во предвид дека мнозинство биле неполнолетни (деца) или млади луѓе и дека нивните акции обично не оделе подалеку од зборови, песни и пишување натписи. Меѓутоа комунистичките власти не правеле ралзика меѓу збор и дело и ги третирале на сличен начин.

Дури и откако ги излежале затворските пресудите активистите продолжувале да бидат под набљудување, биле притискани да бидат врбувани и биле тормозени и ограничувани на различни начини – забрани за патувања или работа во странство, дури и во социјалистички земји, не давање работа или добивање на лоша работа и сл. При големи прослави или масовни настани истите биле принудувани да се потпишуваат во милицијата или да седат под домашен притвор.[118] Се правеле обиди да се уништуваат семејствата терајќи ги децата да се откажат од родителите, или жените да се разведат со

---

[116] Георги Бојаџиев од Корница, Неврокопско ќе помине цела година во одделот за осудени на смрт (Табу 203, 214), а на Борис Петков освен тоа ќе му биде инсценирано и извршување на смртна на пресуда таму (Петков, Табу, 190, 193).

[117] Сократ Маркилов лежи во затвор вкупно 17 години, жена му и децата осудени на иселување, жена му се самоубива, Крум Монев е осуден на 15 г. затвор и 20 без граѓански права, Методи Атанасов - 12 години. Ангел Манцов - 12 години. Владимир Георгиев Попов -12 години, Стојан Георгиев – 8 години, Јордан Иванов Николов - 8 години, Стоян Николов 8 години, Иван Тимчев - 5 години, Илия Гочев - 5 години Илија Тевилов – 4 години затвор и два пати иселуван (Табу, 150, 151 и спомените на посочените во истата книга).

[118] Табу, 276, 277

мажите. Децата од македонски фамилии биле бележани и испраќани наместо во редовни - во трудови војски, каде се биле испраќани политички сомнителните. Такви деца имале проблем и со запишување на високо образование.[119]

Како што добро ја резимира еволуцијата во репресијата против Македонците Чавдар Маринов: оние кои по 1949 г. го демонстрирале својот македонски идентитет и изјавувале дека нивниот јазик е македонски „*со искази од овој вид, тие наголемо ризикувале да ја следат судбината на отпишаните*", а по 1965 г.: „*изборот на македонска национална идентификација означувал сигурна социјална маргинализација*" (Маринов 49, 165). Особено после 1963 г. властите се стремеле да избегнуваат секој знак на постоење на македонско малцинство и репресија и неретко на судските процеси свесно бил даван криминален или битов карактер.[120] Политбиро на ЦК на БКП на 2 април 1974 г. зема решение „пројугословенските projави да бидат објект на затворен судски процес" избегнувајќи ја така конфронтацијата со Југославија[121] и впечатокот што го создавал масовниот македонски отпор. Наоѓајќи осуда на својата антимакедонска политика дури и во комунистичките земји Бугарија била заинтересирана да ги крие отпорот и репресиите како од својата јавност така и од надворешниот свет.

Двоинствен бил и начинот на кој ДБ ги претставувала случаите на отпор. Од една страна службите биле силно заинтресирани да ја зголемуваат својата важност во очите на партијата подавајќи што е можно повеќе сигнали и преувеличувајќи ја реалната опасност.[122] Од друга меѓутоа по 1963 г. повисоките нивоа на истите служби знаеле да ја фризираат инфромацијата и да ја балансираат според потребите и желбите на партиската елита и намерно ги минимизирале обемот и силата на отпорот меѓу Македонците.[123] И така од една страна пониските структури претерувале во претставувањето на реакциите на Македонците како голема закана, а пак врвот на службите ги минимализирал и фризирал истите за да не се оспори основниот став на диктаторот Живков дека такво малцинство нема и не може да има. Ова донело двојна несреќа на Македонците зашто од една страна ги зголемувале репресиите, а од друга одземала секоја надеж за промена на политиката, која би можело да дојде како последица од масовноста на одпорот.

### *Аргументацијата на властите*

Не можејќи да ја прифатат македонската самосвест и несогласноста на голем дел од населението со државната политика, не сакајќи да признаат постоење на малцинство кое реагира на асимилацијата, властите официјално ги објаснувале македонските пројави со странско влијание, пропаганда и врбување, или со наводна неписменост на носителите на македонска самосвест – тоталитарна позиција која исцело е прифатена во Бугарија и

[119] Dukimov, "We did not want to be in the federation...", 200, 201, Ilya Vodenov, "Our goal was mostly the recognition ...", 199, 200, 219, 220, Stoyan Georgiev, "if it is for Macedonia, i am ready to do everything", 247, 248, 249, Спомени на Иван Николов Капитанов, Народна воля, ноември 2015, Пострадал защото е македонец, Народна воля, юни – юли, 2015

[120] На пример во процесот против „Невидливите орли на Беласица" намерно делото е направено криминално поради крадење на машина за пишување, независно што истата била украдена за да се пишуваат летоци и повици (Табу, 355, 356).

[121] Груев, 101, 230, Тюлеков, 74.

[122] Държавна сигурностм т. 5, с. 16

[123] Стойков, Табу, 24

денес.[124] Дури и името на управата во Државна безбедност која после 1967 г. била натоварена со репресиите ни покажува дека тие се третирани како „непријателска идеолошка диверзија“.[125] Меѓутоа многу ретко може да се потврди странско влијание или агентурна обврзаност. Ова оправдание на властите не ни зборува ништо реално за мотивите на луѓето. Тоа произлегува од тоталитарниот светоглед на комунистичката партија и нејзниот репресивен апарат, за кои секоја несогласност со политиката и идеологијата можела да се објасни само преку непријателско влијание или индивидуална хендикипираност на конкретната индивидуа. Како непријателска идеолошка диверзија биле третирани и религиската дејност (дури и православната), модата, слушањето на западна музика и секоја несогласнсот со партијата. Освен како дел од идеолошката патологија на режимот таквото третирање служело и како оправдание за репресиите и ограничувањата против несогласните. Всушност инспириранна од комуниситчката идологија службата за безбедност во своите извештаи постојано генерирала модели за светот кои претходно и биле зададени од комунистичката партија.[126]

Игнорирајќи ги идеолошките оправданија на режимот, констатираме дека главен поттик  на отпорот се јавувало имено насилството што доаѓало од страна на властите. Вистинскиот фактор кој ја одредувал силата и честотата на македонските појави бил не засилувањето на „непријателската пропаганда“ туку силата на асимилациониот притисок – колку поголем бил тој, толку посилна била и реакцијата кај луѓето. На пример причиња за појавата на мноштво ученички групи во 1957 - 1958 г. била серијата јавни предавања и говори организирани од партиски функционери низ училиштата во кои објаснувале дека не постои македонска нација,[127] а не „засилување на империјалистичката идеолошка агресија“ од Југославија, како си го објаснувале властите. Како што ми изјави еден од настраданите - Андон Љондов: „ако не нѐ провоцираа властите - немаше ни да реагираме“. Но дури и после падот на комунизмот властите во Бугарија  покажуваат потцртана одбивност кон тоа да ги признаваат репресираните поради нивната македонска самосвест Македонци како политички и често одбиваат да им ја исплатуваат законската оштета.

Политиката на бугаризација се наметнувала тешко и раѓала силен отпор.[128] Притисокот од страна на властите и обидот да се наметне бугарска самосвест воделе до отпор и буделе дополнителен интерес кај младината. „Македонизмот“ особено после 1963 г. се јавувал опозициски и дури антикомунистички што создавало околу него дополнителен ореол на привлечност.

Репресиите на властите биле аргументирани и како борба против промакедонски национализам и сепаратизам. Но макар македонскиот национализам да бил присутен,

---

[124] Тезата за пропагандна манипулираност и неписменост е прифатена во бугарската наука до денес. Види Тюлеков, Политическият мит за „македонското малцинство“ в България…, с. 68. Според и: Академик Георги Марков: До 2 август 1944 г. няма македонска нация, македонски език и македонска история и тяхното начало е след Втората световна война, во која академикот директно тврди: „Колегите во Скопје знаат; тие са шизофренично болни... зборувам за нивните историчари, но такви се и нивните политичари http://focus-news.net/opinion/0000/00/00/24363/ користена на 11.04.2016

[125] Държавна сигурност, т. 5, с. 14

[126] Държавна сигурност, т. 5, с. 14, 15

[127] Попатанасов, Табу, 200, 201

[128] Груев, 97, 98

како и мечтите за обединување на Македонија (кои се неизбежен дел од него), што давало формален изговор на властите за преземените мерки, всушност не тоа била причината. Властите пројавиле потцртана тенденција да го третираат самото декларирање како Македонец како „национализам“, што пак давало оправдание на репресиите како борба против национализмот. Од друга страна пак сепаратизмот најчесто бил само на зборови, без никакви конкренти акции, а често се јавувал како рекција против антимакедонската политика во Бугарија која не давала надеж за нормално решавање на проблемите во нејзини граници, туку само надвор од неа – преку напуштање на границите индивидуално (реална опција) или територијално (фиктивна опција). Вербалниот и имагинерен сепаратизам можеле да играат улога и на психолошко растоварување и одмазда. Случаите на реална сепаратистичка активност се релативно ретки и не можат да ги објаснат извршените прогони. Возраста на осудените исто сведочи дека „сепаратизмот“ се јавувал најчесто само извинување за репресирање на македонската самосвест. Властите не можеле сериозно да се чувствуваат загрозени од повеќето активисти кои биле тинејџери, или од нивниот „сепаратизам“ кој си останувал во зоната на мечтите и не бил придружен од сериозни дејствија.

Улога играла и идоелошката неспособност на режимот да направи ралзика меѓу збор и дело, намера и дејствие. За комуниситчкиот режим сето тоа било исто. Така искажување или пеење на песна која зборува за обединета Македонија се јавувале и сепаратизам и сепаратиситчко дејствие.

Суштинската причина за отпорот и соодветно за репресиите била македонската самосвест и нејзиното промовирање е видлив и во сочуваната документација. Во некои случаи тоа е јасно забележливо дури и во пресудите, кои инаку имале тенденција да даваат законска причина и форма на репресиите. Во 1956 г. Кирил Илиев Гоцков бил осуден затоа што јавно рекол дека Македонија е под ропство и е колонија, а Македонците не се Бугари. Во 1970 г. Крум Тимов е осуден и затоа што „ги искривувал сериозно историските документи и ширел невистинити тврдења против единството на бугарскиот народ“. Методи Ѓуров, пак затоа што запишал на својата ученичка клупа „Овде седи Македонец“ е избркан од училиште.[129]

Властите едноставно задушувале секаков вид на отпор против нивните ставовои – бил тој реален, вербален или потенцијален. Тоа е суштината на репресијата. Несогласноста на Македонците со политичката линија на коминиситчката партија кон нив создавала отпор а отпорот водел до репресии.

***Изворите на отпорот***

Последното го поставува прашањето кои биле причините и изворите на отпорот. Досега се понудени следните основни одговори. Прволт поаѓа од тоа дека постои македонска самосвест чии носители реагираат на политиката на асимилација (македонската историографија). Вториот поаѓа од тоа дека македонско малцинство не може да има и според тоа одпорот е провоциран од страски служби и пропаганда

[129] Пресуда № 249, гр. Благоевград, 16.II.1957 г., Табу, 195; Обвинителен акт дело бр 136/1970 по описот на ДБ, вл. бр 852/1970, Табу 441; Обвинителен акт по дело бр. 136/1970 по описот на Државна безбедност, вл. бр. 852/1970, Табу, 327.

(бугарската комуниситчка партија, нејзината служба за безбедност и бугарската историографија). Во последно време се појавува и трет правец кој се обидува да ја ублажи втората теза, објаснувајќи го отпорот со новосоздадена по 1944 г. македонска самосвест кај поединци, креирана преку системот на образование во Бугарија и пропагандата на Југославија (поедини бугарски истражувачи од областа на социологијата и антропологијата). Сите три тези отприлика се согласуваат во едно – дека причината за пројавите на отпор се јавуваат македонските позици, самосвест, настроенија на луѓето кои давале отпор, разликата е во начинот на кој се објаснуваат појавата на истите.

Ако причината била македонската самосвест тогаш од каде извирала таа?

Еден од начините на кои се објаснува македонската самосвест е тезата за насилна македонизација на населението.[130] Таквата теза досега не успеала да покаже ниту еден документиран случај на човек репресиран поради одбивање да се нарече Македонец или затоа што се сметал за Бугарин. Луѓе со бугарска самосвест во голем број се регистрирани на сите пописи, и заземале во целиот период важни државни функции во регионот. Никогаш немало наредба или изграден систем на дискриминирање и проогнување на луѓе со бугарска самосвест и пројави. Според оваа изворно незаснована теза насилството родило мал број луѓе што ја прифатиле македонската самосвест и подоцна како последица од тоа имало минимални реакции и репресии. Минимизирањето на отпорот и репресиите е втор столб на таквото објаснување, а двата заедно служат како официјално објаснување на истражуваната појава во Бугарија до сега.

Тезите за насилната македонизација и минорноста на македонската самосвест се национално мотивирани – тие играат важна идеолошка улога во современиот бугарски национализам зашто се јавуваат единствениот возможен начин да се „објасни“ постоењето на македонска самосвест во Бугарија без да се демолира основата на националниот мит дека Македонците биле секогаш Бугари.[131]

Модифицирана верзија на горната теза е тврдењето дека македонската самосвест е плод на бугарските институции и нивната политика. Меѓутоа макар за неполна година[132] да постоела минимална „културна автономија“ во Пиринска Македонија, која се состоела во изучувањето на македонски јазик и историја во бугарските училишта, постоењето на

---

[130] Анегелов, Хроника на едно национално предателство. Но исто и кај Nikolov Stephan, Perceptions of Ethnicity in the Bulgarian Political Culture: Misunderstanding and Distortion, in The Macedonian question: Culture, Historiography, Politics, ed. Victor Roudometof, Columbia University Press, New York, 2000, 227.

[131] Бонева, Николов и Рудуметов, тврдењето дека сите Македонци се Бугари дури го нарекуваат „sacred taboo“, кое малцина во Софија се дрзнуваат да го нарушат (Stoyanova-Boneva Bonka, Stephan Nikolov, Victor Roudometof, In Search of “Bigfoot”: Competing Identities in Pirin Macedonia, Bulgaria, in The Macedonian question: Culture, Historiography, Politics, ed. Victor Roudometof, Columbia University Press, New York, 2000, 239). Генералната конфузија, па дури и аверзија спрема македонскиот идентитет кај повеќе научници во Бугарија, па дури и на такви со модерни сфаќања е забележлива во неговото омаловажување или во обидите да биде објаснет преку дискредитирани појави како комунизмот и Коминтерната. На пример Николов, 225, 226 зборува за одлука на Коминтерна „да креира ‘македонска нација’“, “still negligible numbers of Macedonian speakers in Pirin Macednia”, “Bulgarians and “Macedonians” (Македонци во наводници, за разлика од Бугари), Македонците гледани како субгрупа на Бугарите слично на Шопи, Капанци). Спореди и третирањето на Македонците кај Маринов, От „интернационализъм” към национализъм, 21, 37.

[132] Николов греши кога тврди дека се изучувал уште од 1944 г. (Nikolov, 227), тоа започнало од крајот на 1947 г. и завршило пролета на 1948 г.

еден македонски театар и три книжарници и макар во тек на 15 години да се изучувала Историја на македонското ослободително движење (чија основна теза била дека Македонците биле Бугари до 1878 г. а потоа се издвоиле)[133] и во периодот 1946 – 1964 г. да било дозволено луѓето кои сакаат да се запишуваат во документите како Македонци, сите овие фактори се премногу слаби, а времето премногу кратко за да може да се создаде од нула доволно силна самосвест која да го роди масовниот отпор. Особено кога не се создавало на „чист“ простор - претходно овде течел спроведуван од државата процес на изградување на бугарска национална самосвест. До 1944 г. Пиринска Македонија била вклучена во процесот на изградување на бугрска нација директно 32 г., а индиректно 82 години (од појавата на првата бугарска општина овде во 1862 г.). Притоа за време на промовирањето (1946 – 1948) и делумното толерирање (1948 – 1965) на македонската свест, во ниту еден момент не биле прекинати процесите на засилување на бугарската свест, која во целиот период била преферирана од Софија. Како тогаш можело оваа млака македонска политика да има толку силен ефект врз самосвеста на населението што организираната асимиалциона кампанња и репресиите на тоталитарната држава потоа да не можат да излезат на крај со неа за 26 години, а реално ниту до денес (т.е. 52 години)?[134]

Последна модификација на горната хипотеза е тезата дека Југославија преку својата пропаганда, служби за безбедност и престиж е „виновна“ за креирањето, одржувањето и силата на македонската самосвест и одтаму доаѓаат и појавите на отпор.[135] Таквата теза не може да одговори на прашањето зашто југословенската пропаганда се покажала толку привлечна за населението во Пиринска Македонија (и зашто само таму, а не и во останатите гранични со Југославија територии). Одговорот за успешноста на оваа пропаганда може да биде само еден: имено македонските национални настроенија се во основата и на масовното слушање на радио Скопје и на обидите на еден дел од учесниците во отпорот да стапат во врска со Југославија. Во ретките случаи после 1953 г. кога имаме сигурни утврдени врски меѓу УДБА и оделни македонски патриоти иницијативата почесто доаѓала од Македонците во Бугарија. Успесите на југословенската пропаганда – релани или имагинерни стапнуваат врз „много

---

[133] Маринов, 164, 165, очигледно го гледа одговорот имено во таков правец: од „македонизацијата“ од 40-те години на XX в., во која преку образованието е создадена прва генерација адолесценти која го примила „македонизмот“, а која биле наследена од нивите деца во 60-те години.

[134] Теодор Занк, Доклад на Хелзинки уоч за македонците в България, 12.11. 1991 г., Стојков С. Фикцијата на објективините критериуми против правото на самоопределување: примерот на македонското малцинство во Бугарија// Општествените промени во глобалниот свет: зборник на трудови/ Втора мегународна научна конференција. Штип, 2015, Доклад за 2015 г. за положението на македонците в България (http://www.omoilindenpirin.org/).

[135] Со овде посочените примери не се исцрпуваат обидите да се постигне баланс меѓу националниот мит и фактологијата, а што води до неубедливи копромиси, кои се далеку од тоа да дадат сериозни објаснувања и одговори. На пример Чавдар Маринов ја застапува чудната теза за постоење на лица со македонска самосвест, кои бил репресирани, но не и на значаен колективитет кој може да се определи како македонско малцинство (От „интернационализъм” към национализъм, 21). Николов пак го подржува митот за „насилната македонизација“, но не зборува ништо за насилната бугаризација на Македонците, не ја спомнув во серијата преродбенски процеси, и не ги наведува Македонците меѓу малцинствата во Бугарија аргументирајќи се со комлицираноста на прашањето (Николов, 214 – 216). Бонева пак ја застапува тезата за неизграденост на македонскиот идентитет наспроти бугарскиот во Пиринска Македонија (до кој заклучок достигнала преку поставувањето на квалитативно различни прашања на различните групи испитаници (Stoyanova-Boneva, 245, 246).

соодветна почва меѓу местното население", врз веќе изградена основа и биле посакувани.[136] Т.е. македонската свест во овој случај е причина, а не последица. Поголемиот престиж на Југославија како инспиратор на македонската самосвест и пројави на отпор[137] исто не преcтставуваат убедливо објаснување. Ако југословенската пропаганда, или големиот престиж беа причина за македонската самосвест и отпор би очекувале илегалните македонски организации да се залагаат за присоединување на Пиринска Македонија кон Југославија, додека тие со ретки исклучоци сонуваат за обединета и независна Македонија надвор од Бугарија и Југославија. Т.е. овде се судирмае со еден чист македонски национализам, а не пројугословенски таков. Околноста што во периодот 1956 – 1966 г. Југословенските власти избеганите Македонци кои барале азил ги враќале во Бугарија каде ги чекал затвор исто ја прави сомнителна тезата дека Југославија се јавувала потикнувач и организатор на македонските групи на отпор во Пиринска Македонија.[138]

Резултатите од пописите и пројавите на организирани македонски акции исто сугерирраат дека не Југославија се јавува водечки фактор во овие процеси. Навистина бројноста на македонските пројави е најголема во Санднаски и Петрич што дава повод на Маринов да заклучи дека одалеченоста од Југославија пречела последната да влијае врз развојот на локалните идентитети.[139] Но макар општо погледнато во овие две околии случаите да се повеќе (сепак треба да се каже дека во гимназиите во Разлог и Банско имало не помалку македонски групи од оние во Петрич и дури и повеќе од оние во Сандански и Благоевград), тоа не сведочи за одлучната улога на Југославија. Не треба да се заборава дека има и трета соседна на Југославија околија – Благоевградска, а таму случаите се помалку одколку во Разлошка околија. Всушност честотоата на случаите на отпор ја следи не логиката на географска одалеченост од Југославија туку соодветствува на резултатите од пописите – колку поголем е процентот Македонци во дадена околија толку повеќе се и случаите на македонски отпор: Сандански и Петрич се со највисок процент, додека Благоевград – со најнизок.[140] Следејќи ги процентите стигнуваме до заклучок дека фактори како концентрација на бирократија и дојденци од Бугарија (Благоевград), присуство на бројно муслиманско население (Неврокоп и Разлог) и степента на поврзаност со Бугарија, воделе до помал процент на луѓе со македонска самоопределба и соодветно до послаб отпор. Овие фактори имале поголемо значење одколку близоста со Југословенската граница и можноста да се слушаат македонски радио станици.[141] Затоа без да се одрекува значењето на важен фактор како постоењето на НР Македонија во Југославија и можноста да се слуша нејзино радио во некои делови

[136] Груев, 98, 99
[137] Груев 54, 55, 101
[138] Монев, Македония, моята опора", III-IV част, 286 – 321, Методи Ѓуров, Табу, 327
[139] Маринов, 166
[140] Овој момент е јасно укажување дека резултатите од пописите во 1946 и 1956 г. се реални.
[141] Јасно против идејата дека македонската самосвест се креирала од Југословенската пропаганда е и тоа што денес македонското движење е најсилно во областа на Гоце Делчев – најодалечената околија од некогашната Југосоевснка граница, област до која радиото и телевизијата од Југославија не можеле никако да достигнат, а истата истовремено се јавува и најсилно изолираната околија од Бугарија како цело (што помогнало за зачувување на македонската самосвест).

на Пиринска Македонија треба да се заклучи дека основниот извор на македонската самосвест бил друг.

Така останува само една можност – претходно постоечка национална база врз која стапнуваат и на која влијаат позитивно сите спомнати фактори – и кратката културна автономијка и постоењето на НР Македонија и „југословенската пропаганда" и изучувањето на македонското револуцинерно движење во бугарските училишта. Спрема македонската национална база сите посочени фактори играле улога на засилувач, но не и на создател.

Постоењето пред 1948 г. на национално определени Македонци и во десните струења, како и некомунистички македонски национални групи е особено важен момент, кој ни покажува имено дека македонската самосвест не била донесена во Пиринска Македонија од комунистите во 1944 г., а нешто што овде постоело претходно. За авторите кои ги интерпретираат процесите во крајот на 40-те г. на XX в. како насадување на ново национално сознание на бугарска етничка територија од страна на комунистите оваа појава останува необјаснива. Единствениот одговор што е понуден од нивна страна е тезата за подоцнежно идејно и национално еволуирање на учесниците во овие групи – т.е. до отфрлање на нивното сведоштво.[142] Меѓутоа фактите ги подржуваат сведоштвата на овие Македонци: еден Крум Монев на пример се има декларирано како Македонец уште во документите за судскиот процес против групата на Герасим во 1948 г., заедно со мнозинството од обвинетите.[143] А сличен е случајот и со Дукимов.

Доколку македонската политика на БКП после 1944 г. немаше на што да се потпре во Пиринска Македонија таа не би нашла на приврзаници овде и би требало да се наметнува со сила, што неизбежно би родило отпор – а таков против неа не е регистриран. Тоа осетно контрастира со отпроот против скратување правата на Македонците или против насилно наметнуваната бугаризација подоцна. Приврзаниците на теоријата за „насилна македонизација" овде наоѓаат на многу сериозен проблем. Обичниот одговор што го наоѓаме е минимизирање до негирање на репресиите против Македонците и обид да се предтсави вооружениот отпор против комунистичките репресии како акција против македонската политика на комунистите Првото како што видовме е невистина, а второто само го демонстрира отсуството на вистински примери на бугарски отпор против „насилната македонизација".[144] Освен мешаната национална определба на членовите на повеќе од вооружените групи, против последната

---

[142] Веселин Ангелов, Отличен българин с име Герасим, София 2008,20, Груев 87, 88

[143] Табу, 99 – 100

[144] Gruev, 80, Ангелов, цит. дело, 16 – 28. Во иста насока се неоснованото тврдење за „отпор на населението против Македонзиаицјата" (Ангелов, В. Хроника на едно национално предателство. Опитите за насилствено денационализиране на Пиринска Македония. С., 2004., 312–327.... Истиот, Вик в съня. Материали за съпротивата на Владимир Поптомов срещу македонизацията в Пиринския край (1944–1949). С., 2005), каква реално не постоела (Груев 78). Самата теза за „насилна македонизација" е всушност крајно предимензионирана и идеолошки базирана и има за цел да ја вмести релноста на постоење на македонски идентитет (и неговото репресирање) во рамката на бугарската национална митологија според која Македонците не можат да бидат други освен Бугари. Всушност претендираното „насилство" освен што не е поткрепено со конкренти случаи на репресирани луѓе (пресуди и сл.), но и нема оставено травма во меморијата на населението во Пиринска Македонија (Груев, 77).

интерпретација зборува и отсуството на конкретни акции од нивна страна против македонската политика на БКП (некои дури и активно ја подржувале).[145]

Размерот на репресииите, отпорот на Македонците и жртвите се јавуваат важен аргумент за вкоренетоста на македонскиот идентитет кај големи делови на населението, демонстрирајќи ја волјата на истото да го зачува и одбрани.[146] Тоа, заедно со јавната тенденција на македонските групи да се поврзуваат меѓу себе и со македонски организации од странство претставува доволно јасна демонстрација на колективна солидарност и од таму на колективитет, на малцинство. Постоењето на колектив со свој идентитет пак ни го дава најпростото и природно објаснување на отпорот.

Погрешно е да се оди и во другата крајност – да се третира населението во Пиринска Македонија како примордијално македонско, а процентот луѓе што се декларирал како Бугари како продукт на асимилација. Имаме редка ситуација во која на ист и тоа мал простор се одвивале два паралени процеси на национална изградба, едниот од кои бил силно подржуван од бугарската држава, додека другиот се потпирал на традициите на револуционерните борби за македонска автономија и држава. Тие промовирале две сосема различни решенија за населението и регионот: во рамките на бугарска или во рамките на македонска држава. Постоењето на македонски национализам (политичка и етничка варијанта), македонски регионализам и сеператизам, бугарски национализам и (да не заборавамe) индифрентни спрема овие прашања луѓе, можноста за лавирање на личностите меѓу истите, па дури до комбинирање на позиции кои меѓусебно се исклучуваат, сето тоа ја прави ситуацијата извонредно комплицирана. Но оваа реалност давала доволно широка основа врз која можеле да надградуваат или да се судираат националните политики после 1944 г. И бидејќи македонската во периодот 1944 – 1963 г. не се наметнувала присилно, а оставала простор и за бугарската опција – истата не родила отпор, за разлика од насилното наметнување на бугарската опција преку искоренувањето на македонската, што по неизбежност родило отпор кај делови од населението.

***

Македонците биле репресирани низ целиот период на комунизмот во Бугарија. До 1963 г. репресијата била насочена против само некои од појавите на македонската национална свест (желба за обединета Македонија, повеќе права и сл.), а по 1963 г. таа постепено била свртена против самата македонска самоопределба во сите нејзини аспекти. Асимилацискиот бран после 1963 г. претставува де факто почеток на серијата „преродбенски процеси“ против малцинствата во Бугарија, кои си поставувале за цел

---

[145] Како групата на Дукимов Табу, 31, 32. Единствениот пример даден до сега во насока на спротивставување – тепањето на македонскиот учител во с. Влахи од Герасим Тодоров, е несоодветен и ја подржува всушност мојата интерпретација за идејните поделби во тоа време, а не шемата за „отпор против македонизацијата“. На учителот му било заповедано „да не зборувам за соединувањето на Македонија како Федерална единица на ФНРЈ(угославија) или во НРБ(угарија), туку да работам за автономна Македонија“ (Груев, 88).

[146] Не е случајно што насилството при бугаризацијата или се премолчува или се омаловажува кај автори кои на еден или друг начин го поставуваат под прашање македонскиот идентитет (Спореди кај Мринов, От „интернационализъм” към национализъм, 21, политиката на режимот за бугаризација не сретнала „виситнски отпор“кај Македонците за разлика од случаите со „јасно офофмените“ етнички заедници како Турци и Роми.

создавање на единствена бугарска социјалистичка нација. Познатиот „преродбенски процес" против Турците[147] во 80-те години на XX в. е само последната и најдобро познатата негова етапа. „Преродбенскиот процес" против Македонците е и единствениот кој останува непризнат и неосуден во Бугарија до сега.[148]

Овој реферат е само прв чекор кон расветлувањето на оваа комплицирана тема, која освен тоа се јавува и жртва на идологизираните толкувања на историјата во балканските историографии. Целта не беше темата да се исцрпи, туку да се постави надвор од националните митови и идолошки рамки проведувајќи колку што е можно засега повеќе фактологија во дискусијата.

[147] За прогонот на турското и помашкото малцинство види: Михаил Иванов, Като на празник.... Маринов, От „интернационализъм" към национализъм, 21 - 38

[148] Тоа се прави дури и од поумерени бугарски научници како Николов, 214, Маринов, От „интернационализъм" към национализъм, 21, 37, а и Михаил Иванов во цитираното овде дело за преродбенскиот процес ги исклучува од него Македонците.